На 68 страници
Година 3 Број 5
Јули 2024 г.
Цена 150 ден.

# магазин за ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

## МЕГАИНТЕРВЈУ

**Сања БОЖИНОВСКА, министер за енергетика, рударство и минерални суровини**

## „ЌЕ РАБОТИМЕ НА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ДОМАШНИТЕ ПРОИЗВОДНИ КАПАЦИТЕТИ СО СЕРИОЗНИ ПОВЕЌЕГОДИШНИ И ДОЛГОРОЧНИ ИНВЕСТИЦИИ



### МОЈА ОПШТИНА
**Интервју со градоначалникот на Кисела Вода, Орце ЃОРГИЕВСКИ**

### ИДНИНА
**Промоција на нов албум со Петар Георгиевски - КАМИКАЗА**

### ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД
**Мицкоски на средби со амбасадорите во нашата земја**

ISSN 2671-3934
5 318000 033115

www.magazinturizam.mk





## ИМПРЕСУМ

Издавач:
**Универзитет Скопје**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА




**Одблиску со главниот уредник, м-р Биљана ТРЕНДАФИЛОВА** 3



МЕГАИНТЕРВЈУ **Сања БОЖИНОВСКА, министер за енергетика, рударство и минерални суровини** 4



АНАЛИЗА: **Предизвици за економијата** 12



КОЛУМНА: **Зошто да го одберат идните студенти Универзитетот Скопје?** 20



ТЕМА: **Трнлив е патот за странските студенти во Македонија** 22



МОЈА ОПШТИНА: **Интервју со градоначалникот на Општина Кисела Вода, ОрцеЃОРГИЕВСКИ** 26



РЕПОРТАЖА: **Убавините на Малта** 32



ДУРБИН: **Велешка регата со Ангелче Гушев** 42



ИДНИНА: **Промоција на нов албум со Петар Георгиевски - КАМИКАЗА** 50



ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Зајакнување на дипломатските односи: Мицкоски на средби со амбасадорите во нашата земја** 56



КОМПАРАЦИЈА: **Србија промовира нови возови - железницата во регионот и во Македонија** 62




Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/



М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА

# МЛАДИТЕ ТАЛЕНТИ ДА ЈА ДОБИЈАТ ПОДДРШКАТА ШТО ЈА ЗАСЛУЖУВААТ

*Злато, бронза, пофалници и медали за македонските средношколци на светските натпревари. Македонските ученици докажаа дека се меѓу најуспешните за дебатирање на престижни натпревари низ светот. Овие деца се предводници на своите генерации.*

*Гордо стојат на македонската химна и го веат знамето на Татковината додека им се доделуваат награди и признанија за постигнатите успеси. Тие достојно ја претставуваат Македонија во светот.*

*Крајно време е младите во оваа држава да станат приоритет. Алармот веќе одамна е вклучен. Надлежните најавија промена на законите и поголема поддршка за талентираните ученици во иднина. Анкетите покажуваат дека две третини од младите едвај чекаат можност да си заминат бидејќи се незадоволни од образованието и не гледаат перспективи за развој. Овие со години наталожени проблеми не може да се решат ниту лесно ниту брзо. Треба да се започне со реформи во образованието што ќе можат да дадат резултат на долг рок. Здраво образование е гаранција за здрав и силен развој на општеството. Но, какво е нашето? Дали е навистина реформирано онака како што се вели?*

*Според академската фела, првата работа што треба да се направи е да се донесе нов закон што ќе биде позитивен во смисла на изедначување на македонското високо образование со европското, закон што ќе воспостави еднакви критериуми и рамноправен третман на сите приватни и државни високообразовни институции!*



# БОЖИНОВСКА:

# МЕГАИНТЕРВЈУ

## Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини

# „ЌЕ РАБОТИМЕ НА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ДОМАШНИТЕ ПРОИЗВОДНИ КАПАЦИТЕТИ СО СЕРИОЗНИ ПОВЕЌЕГОДИШНИ И ДОЛГОРОЧНИ ИНВЕСТИЦИИ

*„Во следниот период ќе треба да се дооформи министерството, а со оглед на тоа дека буџетот го очекуваме во првата половина на август, ќе можеме да почнеме да функционираме по овој период. Приоритет ќе биде да остварам средби со учесници во енергетскиот сектор, со претставници на ЕСМ, МЕПСО, МЕМО, на рудниците кои имаат концесии.*

*Има проекти кои се во застој на реализација и кои треба да се забрзаат. Ќе се работи и на донесување на законите за кои сме критикувани од ЕУ, ќе се зголеми соработката со интернационалните компании и, секако, ќе се настојува да се изградат нови капацитети кои ќе гарантираат енергетска стабилност и независност на државата“*, вели во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент Сања Божиновска, која е на чело на новото Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини.



Божиновска: „Планираме реализација на капитални инвестиции со вистинска додадена вредност, така што одржливата, базна и домашна енергија ќе биде приоритет на новата Влада.“

**Македонија да биде енергетски независна – ова е вашата главна амбиција како министерка за енергетика. Ветивте дека во фокус во наредните години ќе бидат инвестициите, а не потрошувачката. Колку ќе  добие овој сектор на значење со новото министерство?**

Енергетската сфера е една од клучните области важни за стабилен економски напредок на една земја. Токму затоа сите развиени земји вложуваат многу во енергетиката бидејќи од степенот на развој на оваа област, зависи развојот на целата економија. Колку е важна енергетиката како сектор најдобар доказ е неодамнешната економска криза до која дојде пред сè поради кризата во енергетиката.

Енергетската сфера е една од клучните области за стабилен економски напредок на Македонија и токму затоа е формирана сосема нова институција – Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини. Дека конечно беше потребно формирање на вакво министерство е порака и од сите амбасадори, од странски институции и дури и од неодамнешниот министерски совет што се одржа во Босна и Херцеговина.

Во Македонија долго време овој сектор беше запоставен, а за оваа Влада енергетиката ќе има посебно место. Ќе се работи темелно за да можеме да дојдеме до енергетска независност на државата, што е од суштинско значење.

Бидејќи ова министерство ќе биде одговорно за целокупното работење во енергетиката, минерални суровините и во рударството, ќе работиме на зајакнување на домашните производни капацитети со сериозни повеќегодишни и долгорочни инвестиции во енергетска инфраструктура и капацитети кои ќе гарантираат енергетска стабилност и независност на државата, но и домашно производство на енергија како гарант за конкурентност на македонската економија. Планираме реализација на капитални инвестиции со вистинска додадена вредност,



Божиновска со Н.Е. Метју Лосон, амбасадор на Велика Британија во Македонија.

така што одржливата, базна и домашна енергија ќе биде приоритет на новата Влада. На овој начин најпрво ќе се намали увозот, а долгорочно, можеме да дојдеме до енергетска независност.

**Имате амбициозни планови и стратегии, но и исто толку предизвици. Ќе се обидете ли да го постигне она во што ниедна претходна Влада не успеа – енергетска независност на државата?**

Најпрво секако треба да се дооформи министерството, да се подготви систематизација, да се изврши кадровско екипирање со стручни луѓе, на што работиме сега. Буџетот го очекуваме во првата половина на август, по што ќе можеме да почнеме да функционираме.

Досега стотици милиони беа потрошени за набавки на гас, јаглен, енергија, а немаме сериозен енергетски капацитет. Токму затоа крајно време е да направиме државен план за изградба на енергетски капацитети, капацитети кои мора да вклучуваат производство на базна енергија, и сите да ја сфатиме енергетиката крајно сериозно.

Наша заложба ќе биде изградба на две когенеративни централи за гас и гасификација. Исто така, имаме план за изградба на ветерни паркови во Богданци и во Миравци и уште еден проект од 200 МВ. Со овие сопствени капацитети, земјата ќе има квалитетен енергетски систем.

Еден од нашите приоритети ќе биде доведување на „РЕК Битола" во добра кондиција. Свесни сме дека РЕК Битола за нас како држава е капацитет кој е од суштинско значење, но истовремено е многу стар производствен капацитет. Наша цел е и технички и технолошки да го модернизираме, да ги подобриме перформансите на производство, меѓутоа и да го намалиме загадувањето. Секако многу важно ќе биде уште поголемо искористување на обновливите извори на енергија со изградба на капацитети кои ќе ги гради државата, но и да се воспостави систем државата

да ја откупува струјата од приватните фотонапонски централи и ветерните паркови.

Покрај изградбата на нови производни енергетски капацитети, треба да се заокружи процесот на енергетско поврзување со соседите, односно да се заврши гасното поврзување со Грција, но и да се изградат реконектори со Србија и Косово, со што ќе се обезбеди можност земјата да стане „енергетски хаб“ и да ги ужива придобивките од извозот на природен гас кон соседните земји.

Очекувам да се соочам со многу предизвици, но со добра организација и многу работа, се надевам дека ќе ги надминеме и дека сето она што го ветуваме ќе го реализираме. Енергетиката е област која се планира и се реализира долгорочно и реално е да кажеме дека децениските проблеми нема да можат да се решат веднаш и дека нема да дојдеме до енергетска независност преку ноќ. Но, многу е важно да се постават темелите.

**Најавивте детална ревизија во работата на ЕСМ и МЕПСО. Ќе се стават ли под лупа сите сомнителни договори кои биле направени во четири очи?**

Детална ревизија е неопходна бидејќи двете компании се од суштинско значење за стабилно функционирање на електроенергетскиот систем. Но, исто така, од нивното работење зависи и цената на струјата која се испорачува до домаќинствата и малите потрошувачи.

Во последните неколку години  и двете компании се соочуваат со преработеност, а исто така на јавноста Ѝ се познати и сите коруптивни зделки кои се правени во двете компании, посебно во време на енергетската криза која беше „оправдување“ за увоз на дополнителна енергија.

Сведоци сме и на милионските долгови направени од неколку фирми кон МЕПСО. Повеќе од 12 милиони евра не се наплатени, а не постои ни изглед да се наплати барем едно евро, и никој не сноси последици за оваа штета, која на крај ќе ја плаќаат граѓаните. Затоа мора да се преземе одговорност и да се воспостави постриктна легислатива во однос

**Божиновска:** „Имаме одговорност да се грижиме за стандардот на граѓаните.“



на трговијата со електрична енергија. Во многу држави едноставно не постои можност да се има долг кон систем-операторот (државата) бидејќи постојат технички служби кои на дневна база ги следат трансакциите на сите фирми-трговци, и секогаш мора нивното работење да е покриено со банкарски гаранции. Реалноста е дека основани се нови фирми (со иста адреса, слично име на фирма, случаи каде што истите вработени се јавуваат како дел од новите фирми) и повторно работат.

Нашата цел е од корен да направиме промени, да се обезбеди можност ЕСМ сам да тргува со струја без посредници и да се воведе ред во трошењето, да се намалат загубите на енергија, да се воспостави механизам да не постои можност за постоење ненаплатлив долг од трговците со струја кон државните енергетски компании со обезбедување соодветни банкарски гаранции и друго.

Јас веќе остварив средба со државниот ревизор, а кога ќе се изврши промена на раководствата, веднаш ќе се ангажира независна ревизија за да се утврдат реалната состојба и сите пропусти направени во изминатиот период.

**Летово имавме незначителна промена на цената на струјата. Кои се очекувањата за следниот период?**

Цената на струјата минимално се зголеми. За домаќинствата во прв блок остана иста, во вториот блок се зголеми за 0,85%, во третит блок од 1,92 % и во четвртиот блок за 1,88%, додека евтината струја се зголеми за 0,65%. Ваквото минимално зголемување е направено затоа што како Влада реагиравме на информациите кои се појавија во јавноста дека цената на струјата ќе биде драстично зголемена од 1 јули, кога секоја година се утврдува нова цена на струјата, што инаку е во надлежност на Регулаторната комисија за енергетика. Иако не сакаме да се мешаме во работата на независните регулаторни тела, имаме одговорност да се грижиме за стандардот на граѓаните. Токму затоа група пратеници од Коалицијата „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ достави Предлог-закон за дополнување на Законот за енергетика по скратена постапка кој гарантира дека нема да има ценовен шок и дека стандардот на граѓаните ќе биде заштитен.

Во наредните месеци, односно до 1 јануари од кога во иднина ќе почнува регулативниот период, ќе работиме интензивно да го реорганизираме енергетскиот сектор во Македонија. Но, за да се дадат поконкретни предвидувања, потребно е да се испитаат работењето на ЕСМ и состојбата на сите енергетски капацитети во земјата. Планот за следната година секако ќе зависи и од хидропотенцијалот и од потрошувачката на струја.

**Неодамна присуствувате на самитот на шефови на држави и на влади на членките на Европската политичка заедница што се одржа во Лондон. Какви пораки беа испратени и за што разговаравте со вашите колеги од енергетиката?**

На самитот на шефови на држави и влади на членките на Европската политичка заедница што се одржа во Лондон, учествував на тркалезната маса на тема енергетиката и регионалната поврзаност, на која зборуваше и премиерот Мицкоски.

Пред присутните беа изложени приоритетите на новата Влада во доменот на енергетиката и на енергетската безбедност, потребата од модернизација на постојните енергетски капацитети, намерите за понатамошно поврзување со соседните земји. Исто така, беше промовирано и новото Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, преку кое нашата држава ќе настојува да се промовира како значаен енергетски партнер и потенцијална дестинација за инвестиции во обновливи извори.

На тркалезната маса инаку се зборуваше за постојните предизвици во делот на енергетиката со кои се соочува европскиот континент, пред сè, поради руската воена агресија врз Украина, нестабилноста на енергетските пазари и снабдувањето со енергенси како нафта и природен гас, а се дискутираше и за понатамошните чекори и соработката, преку кои би се намалиле штетните влијанија за стопанствата на европските држави.

Основна порака од самитот беше потребата од целосна енергетска поврзаност на земјите. Затоа е неопходна диверзификација, за што е потребно донесување стратегија со која ќе се обезбеди можност за добивање енергенси од различни патишта и извори како услов за енергетска независност.

**Кои се Вашите следни чекори во поглед на Вашата нова функција? Дали треба многу да се менуваат работите?**

Во следниот период, секако прво ќе остварам средби со учесници во енергетскиот сектор, со претставници на ЕСМ, МЕПСО, МЕМО, на рудниците кои имаат концесии. Има проекти кои се во застој на реализација, како што е гасниот интерконектор со Грција, електроенергетскиот со Албанија, гасификацијата на земјата. Приоритет ќе биде нивно интензивирање. Ќе се работи и на законската регулатива, односно да се донесат законите за кои сме критикувани од ЕУ, како Законот за енергетика и Законот за обновливи извори на енергија, како и формирање регистар за гаранции за потекло на електричната енергија.

Меѓу приоритетите ќе биде и зголемување на соработката со интернационалните компании за де се зголеми можноста за поголеми инвестиции во енергетиката, но притоа да се води сметка државата да има вистинска корист од тоа, без давање огромни повластици кои се на наша штета.

И секако, да се изградат нови капацитети кои ќе гарантираат енергетска стабилност и независност на државата, но и домашно производство на енергија како гарант за конкурентност на македонската економија.

**Имате работно искуство во најголемите компании од пазарот на енергетиката и економските системи – каква е застапеноста на жените во тие компании?**

Кога во 2004 година почнав да работам, бевме само две жени во регионот. Посетував многу конференции каде што над 90%  од учесниците беа мажи. Во мојата работа имаше и многу патувања и негде до 2015 само во Грција и во Република Српска имаше жени на менаџерските позиции во енергетиката.

По 20 години, процентот е зголемен. Еве, можам да кажам дека во Романија има повеќе жени во енергетскиот сектор, а во Србија и претходната и сегашната министерка се жени. Секако има уште многу за да се зголеми застапеноста на жените во компаниите, меѓутоа промените се започнати. Во Македонија, за жал, на раководните позиции во енергетскиот сектор нема ниту една жена, па се надевам дека ова ќе се промени.

**Како експерт во енергетиката, имавте можност да живеете во Прага. Какви се вашите искуства од тој град?**

Прага е град во кој се преселив на мои 18 години. За овој период таа е трансформирана во сериозна метропола која може да се носи со сите европски метрополи. Градот сам по себе има вековна традиција и е еден од најдобро зачуваните големи градови во Европа и поради своето богатство, градот е познат и по прекарот „Златна Прага“. Градот е дом на многу познати атракции кои преживеале уништување во Европа во текот на 20 век, полна е со историски споменици и знаменитости кои ја сместија на самиот врв на европското и на светското наследство.

Но, не се само историјата и традицијата тоа што ја прави Прага посебна. Таа во последните децении се претвори и во индустриски центар кој нуди многу можности за работа и професионално напредување.

Според моето искуство, она што се цени е поседувањето квалитет. Воопшто не е важно од каде доаѓаш, секој добива шанса и на тебе е да се докажеш. Можеш да ги добиеш раководните позиции со многу труд и знаење, а политиката не е инволвирана во секојдневниот живот.

Денес стандардот во Прага е на завидно ниво, а и градот постојано се проширува. Се случуваат многу инфраструктурни проекти, многу настани од областа на културата. Едноставно, градот ги следи светските трендови. Исто така, образованието игра голема улога во развојот на населението и, секако, меѓународните искуства.

**Сте живееле на многу места надвор од Македонија. Кои земји би ги издвоиле како Ваш фаворит за шетање, па и за живот?**

Патувањата се моја пасија бидејќи запознавањето различни култури, традиции, обичаи и навики ми внесува нова енергија. Навистина низ годините имав можност да престојувам на сите континенти и одблиску да го видам животот на другата страна на светот. Секоја земја е приказна за себе и секаде може да се најдат позитивни примери.

Сепак, ако ме прашувате кои се моите фаворити за шетање и живот, би рекла Шпанија и Португалија. И двете земји имаат мешавина од култура, богата историја и природна убавина. Според мене, без разлика дали сакате плажи, историја, интересна кујна или едноставно место за одмор од секојдневниот живот, овие две земји се идеален избор.





**Божиновска:** „Меѓу приоритетите ќе биде и зголемување на соработката со интернационлните компании."



# РЕБАЛАНС НА БУЏЕТОТ: ЌЕ ИМА ПОВЕЌЕ ПАРИ ЗА ОПШТИНИТЕ И БИЗНИСОТ



*„Затекнуваме состојба која значи држава во хаос и долгови. Буџет што е список на желби наместо креиран развој. Предимензионирани плаќања. Економијата е во клиничка смрт“*. Вака министерката за финансии ја опиша состојбата на државната каса која ја остави СДСМ. Обвинувања за злоупотреби на пари кон претходната власт, но и презентирање нов буџет во кој има повеќе пари за плати, пензии, за општините и за бизнисот. Новата министерка за финансии имаше тешка задача да ја прекрои државната каса, а во неа, и покрај недомаќинското работење на претходниците, да изнајде пари за предизборните ветувања и да не ги разочара граѓаните и стопанството. Ребалансот на буџетот допрва ќе биде предмет на расправа во Собранието. Се очекува жестока дебата од пратениците.

## СЕРИОЗНИ ОБВИНУВАЊА КОН ПРЕТХОДНАТА ВЛАСТ

Министерката за финансии Гордана Димитриеска-Кочоска обелодени сериозни и загрижувачки податоци за јавните финансии. Таа дефинитивно ја имаше својата прва и навистина тешка прес-конференција. Набројувањето на злоупотребите на државниот буџет, како што кажа таа, од страна на претходната власт, траеше повеќе од половина час. Според неа, ваквата практика ја оштетила државната каса за енормни 520 милиони евра.

Средства кои требало законски да се испланираат не биле испланирани, не биле исплатени ни доспеаните обврски кон



**Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии.**
*Извор: Влада*

граѓаните и фирмите, а минатата власт не обезбедила ни пари за исплата од мерката „Мој ДДВ“.

Десет милиони евра треба да се платат годинава само за загубени спорови во Стразбур, пари кои не биле предвидени во првичниот буџет. Дополнително, власта на СДСМ и ДУИ не предвидела доволно пари за МТВ, за исплата на мерката за студентски оброк, за одредени локални проекти, немало пари дури ни за плаќање наем на амбасади и дипломатско-конзуларни претставништва.

Она што е најстрашно е маневарот со исплатата за надоместоци за пензии. Дел од парите за надоместоци за пензии наместо во декември се исплаќале во јануари за да прикаже државата вештачки помал буџетски дефицит за 2023 година.

***„Лошата состојба на буџетот ги надмина и нашите очекувања. Затекнуваме состојба која значи држава во хаос и долгови. Буџет што е список на желби наместо планиран развој, економијата е во клиничка смрт. Повеќе од 32 милијарди денари фалеа во буџетот, имаме многу доспеани обврски што не се пријавувани. Понатаму надлежноста е на другите институции“***, рече министерката Димитриеска-Кочоска.

Во „Национални шуми“, каде што вработените немале земено плата четири месеци, недостигаат од 250 до 300 милиони денари, за „Водовод“ од 60 до 100 милиони денари, а недостигаат и три милијарди и 700 илјади денари за земјоделците. Милијарда и 200 илјади денари треба да се платат и по основ на казни поради тоа што некои од министрите ги прераспределувале вработените во институциите надвор од законот.

Според изнесените податоци од финансии, јавните претпријатија се задолжени во рок од 30 дена да доставаат извештај од внатрешна ревизија до Владата, а се очекува да постапи и јавното обвинителство.

## ЏАФЕРИ КАКО ТЕХНИЧКИ ПРЕМИЕР НЕЗАКОНСКИ ОДОБРИЛ 250 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА „БЕХТЕЛ И ЕНКА“

Недомаќински се планирале исплати и за капиталните инвестиции кои на терен се уште не се ни гледаат.

„Бехтел и Енка“ годинава нема да добијат дополнителни 250 милиони евра за Коридорот 8. Владата го укина заклучокот на кој параф ставил Талат Џафери како технички премиер на 13 јуни, на само десет дена пред крајот на неговиот мандат. Со него турско-американскиот конзорциум пред

време требаше добие четврт милијарда евра. Министерката за финансии Димитриеска-Кочоска истакна дека парите не биле планирани и не биле обезбедени во Буџетот.

Според програмата која е усвоена за изградба на коридорите, овие пари требаше да се трошат за капитални индиректни трошоци, меѓу другото за специјалисти за надгледување на проектот, како и за градежни активности за изградба на траса за делницата Гостивар–Букојчани.

## ЕКСПЕРТИТЕ БАРААТ ИТНА РЕАКЦИЈА ОД ОБВИНИТЕЛСТВОТО

Обвинителите треба сериозно да ги земат предвид индициите за криминал со државните пари и итно да се отворат постапки за злоупотребите во буџетот – смета аналитичарот Сотир Костов. Тие во наредниот период треба да имаат полни раце работа. Ваквите барања доаѓаат по шокантните тврдења на министерката за финансии за буџетски злоупотреби тешки над 500 милиони евра. Според Костов, неопходна е итна реакција, бидејќи, и претходно се укажувало на одредени неправилности, но според него, обвинителството било неажурно. За техничкиот премиер Талат Џафери, кој потпишал заклучок на Влада за 252 милиони евра за автопатската делница Гостивар–Букојчани, дефинитивно смета дека немал ингеренции да донесе таква одлука за време на неговиот мандат.

***„Овие не само индиции, туку има и основани сомненија дека се сторени кривични дела, само треба некој да си ја врши работата, а тој некој е во обвинителството. Сега треба само да се види дали е Скопското ЈО или Обвинителството за организиран криминал. Техничката влада има ингеренции само да спроведе избори, а не и да прави финансиски трансфери, всушност тоа е и во закон ограничено“***, вели аналитичарот Сотир Костов.

Од Јавното обвинителство велат дека согласно член 273 од Законот за кривична постапка, сите државни органи, јавни претпријатија и установи се должни да ги пријават кривичните дела за кои се гони по службена должност, а за кои се известени или за нив дознале на друг начин.

***„До овој момент до обвинителството не е доставена таква пријава. Ако биде доставена, Јавното обвинителство ќе постапи согласно своите законски надлежности и ќе преземе дејствија“***, велат од Јавното обвинителство.

## БУЏЕТ: РАСХОДИ - 5,85 МИЛИЈАРДИ ЕВРА, ПРИХОДИ - 5,15 МИЛИОНИ ЕВРА

И покрај лошата стартна основа, новата Влада успеа да ги пополни финансиските дупки, да ги скрати непродуктивните трошоци и да ги пренамени средствата онаму каде што за тоа има потреба. Принудена беше да ги зголеми расходите за 350 милиони евра, на 5,85 милијарди евра, приходите ќе изнесуваат 5,15 милијарди евра, а буџетскиот дефицит се продлабочува од 545 милиони евра на 730 милиони евра или 4,9% од БДП. Јавниот долг ќе мора да скокне од сегашните 62 на 68,2% од БДП. Нереалните проекции на претходната влада, која проектирала буџет за половина, а не за цела година, не ѝ оставија простор за маневар на новата околу прекројувањето на државната каса. Министерката за финансии вели дека обезбедиле пари, кредитот од Унгарија ќе легне на сметка во септември, но дека треба многу да се внимава со трошењето за да не се наруши кредитниот рејтинг на државата. Сè уште се прават калкулации дали за догодина ќе се земе заем од Унгарија или

ќе се издава еврообврзница, но засега првата варијанта е поисплатлива.

***„Ова година нема да имаме проблем, но на 25 јануари доспева за наплата еврообврзница од 500 милиони евра. Ќе ги разгледаме сите опции за задолжување. Нема да бидеме среќни ако мора да издадеме еврообврзница затоа што каматите се високи. Ќе видиме дали може да обезбедиме уште пари по поволни услови од Унгарија, а да легнат во јануари 2025 година“***, рече министерката за финансии Гордана Димитриеска-Кочоска.



Расходи - 5,8 милијарди евра, приходи - 5,2 милијарди евра.

## ПОГОЛЕМИ ПРИХОДИ ЗА 2,6%

Владата планира да собере за 2,6% повеќе пари во државната каса и покрај пониските приливи во првите 6 месеци, особено кај ДДВ-то и акциза-та. Планот е да се подобри собирањето на овие два данока и да се зголеми наплатата кај царините за 12%, кај данокот на добивка за 8,4% или за 27 милиони евра, кај данокот на личен доход за 1,4% или за 7 милиони евра. Повеќе пари треба да се соберат и од работниците по основ на пензиско и здравствено осигурување. 364 милиони евра треба да изнесува приливот од административни такси, концесии и неданочни приходи. Од продажба на земјоделско земјиште, општествени станови и дивиденда од Телеком би требало да се соберат 52 милиони евра.

## ПРЕРАСПРЕДЕЛБА НА 325 МИЛИОНИ ЕВРА

Прераспределени се 325 милиони евра. Се кратело секаде каде што можело да се скрати и дел од овие пари се пренаменети за 2.500 денари покачување на примањата на секој пензионер и за речиси 100 милиони евра за капитални проекти за општините. Се обезбедиле дополнителни над 80 милиони евра за зголемувања на пензиите, како и плус 66 милиони евра за исплата на плати.



Пензионерите ќе добијат плус 2.500 денари месечно.

# ЕДНОКРАТНА ПОМОШ ЗА ЕСМ, ЗА ДРУГИТЕ ДОЛГОВИ ФИРМАТА САМА ЌЕ СЕ СНАОЃА

83 милиони евра ќе се потрошат за отплата на кредитите кон странство што претходната влада со своите директори ги направиле преку државните и јавни претпријатија како ЈПДП, Железници, ЈСП Скопје, Електрани на Македонија кои не се во состојба да ги враќаат кредитите за кои се издадени државни гаранции.

Во врска со ЕСМ, министерката соопшти дека државата ќе плати еден дел од гаранцијата по основ на долг што на компанијата му доспева во август. Повеќе од тоа, додаде, нема да има трансфер од Буџетот за ЕСМ.

***„Еден дел од гаранцијата која им доспева во август ќе платиме ние, останатиот дел ги задолживме да го платат сами. Ќе можат, таму различни ни се ставовите, тие имаат еден став, ние друг. Во овој момент повеќе од тоа нема да има трансфер од буџетот за ЕСМ“***, потенцира Димитриеска-Кочоска.

Дел од аналитичарите ја поздравуваат оваа одлука бидејќи сметаат дека овие државни претпријатија се неликвидни и се буре без дно во кое само се одлеваат буџетски пари, а не се нудат квалитетни производи и услуги за граѓаните. Тие сметаат дека конечно треба да се напушти практиката парите да се трошат само на социјални трансфери и помош за јавните претпријатија-загубари, а повеќе да се размислува за развоен буџет кој ќе донесе поголем економски раст.

***„Не видов средства за да се поттикне и да се развие еко-системот за стартапи на Македонија, кој би требало да биде двигател на развојот, што значи дека повторно имаме неразвоен буџет, бидејќи најмногу од средствата се одлеваат на плати, придонеси, на покривање нефункционални претпријатија како Македонски пошти, Железници и слично“***, вели аналитичарот Синиша Пекевски.

# НАЈГОЛЕМО Е КРАТЕЊЕТО КАЈ ВЛАДАТА И КАЈ ОДБРАНАТА

Најголемо е кратењето кај Владата, од 84 милиони евра на 62 милиони евра. Буџетот на Службата за општи и заеднички работи на Владата се крати од 22 на 19,5 милиони евра. Помалку пари има за Министерството за односи со заедниците и за Министерството за европски прашања. Очекувано, повеќе пари ќе добијат Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување. Се зголемува буџетот на МВР. Се крати од буџетот на министерството за одбрана од 327 милиони на 293 милиони евра. Кај ОТА, буџетот се крати од над 5 на 3 милиони евра. Помалку пари ќе има и Агенцијата за национална безбедност. Дел од експертите велат дека не е лош потегот да се намалат

Најголемо е кратењето кај Владата.



нивните буџети.

Помалку пари има и за Министерството за економија, кај кое се додава труд, а скратените пари се префрлаат во новото Министерството за енергетика. Исто така, во ова министерство влегуваат и парите за гасификацијата.

Повеќе пари има за претседателот на државата, за Собранието, за МВР и за Државниот завод за ревизија.

## ГРАДЕЖНИЦИТЕ „ТРИЈАТ“ РАЦЕ

Капиталните инвестиции остануваат на исто ниво од 720 милиони евра, при што имало кратење кај непродуктивните и префрлање на пари кај проектите кои се реализираат.

Градежниците први се израдуваа што конечно со ребаланс на буџетот не се крати од овие пари, нешто што беше практика во изминатите години. Тие истакнуваат дека во првата половина од годинава ги имале најтешките услови за работа и алармираа за помош, па го поздравија потегот за задржување на слично ниво на капиталните инвестиции од 720 милиони евра. Се надеваат дека ова ќе го поттикне секторот, ќе го издави од криза, а со новите кредити ќе се овозможи развој на компаниите.

***„Цениме дека новата Влада ги има согледано состојбите. Сведоци сме дека интензивно се работи во јавните претпријатија, во општините и во министерството и се надеваме и сме сигурни дека по согледување на состојбите, тој ребаланс не е случаен и тој ребаланс ќе биде одлика на сè што ќе се случува. Македонските компании ќе бидат двигатели на развојот“***, вели Андреа Серафимовски од Здружението за градежништво при Стопанска комора.

Гарантираната минимална социјална помош се зголемува за 13 милиони евра. За здравствена заштита ќе има дополнителни 28 милиони евра, наменети за здравствено осигурување, боледувања и исплата на обврски. Индустриските зони ќе добијат плус 16 милиони евра. Земјоделците треба да добијат за 28 милиони евра повеќе пари за субвенции и за исплати. Повеќе пари ќе има и за студентскиот оброк и за стипендии. Предвидена е реализацијата на Проектот за реконструкција на студентските домови, изградба на фискултурни сали во основните училишта и рехабилитација на основните и средните училишта.

Исто така, целосно се укинуваат парите за антиковидните мерки.

***„Комплетно се скратени 620 милиони денари од КОВИД-мерките предвидени во Владата и повеќе нема што да стои таква мерка. КОВИД-от е одамна зад нас и им кажав на моите вработени во Министерството, веќе таков опис да не постои. Нема што да зборуваме за КОВИД во 2024 година“***, рече Димитриеска-Кочоска.

Министерката вели дека претходната Влада целосно ги промашила проценките за раст на економијата кога првично го креирала буџетот. Растот кој сега се очекува не е 3,4% туку 2,1%. Владата очекува тој да се заснова на поголемото трошење на домаќинствата и на инвестициите на фирмите, со негативен придонес на нето-извозот. Инфлацијата до крајот на годината ќе изнесува 3,5%.



**Градежниците се оптимисти дека капиталните инвестиции ќе го покренат секторот.**



**Мицкоски договори поволен кредит од Унгарија.**
*Извор: Влада*

## ЈАВЕН ДОЛГ ОД 68% ОД БДП

Она што ги загрижи дел од експертите е зголемување на јавниот долг на над 68% од БДП. Од Владата рекоа дека ова покачување кое ги надминува Мастришките критериуми од 60% задолженост од БДП, според кое треба да се водат креаторите на фискални политики, е направено, пред сè, поради лошата ситуација во која ја затекнале државната каса.

Сепак, Владата успеа да најде евтини пари за реализација на предизборните ветувања, и тоа од Унгарија. Преку т.н. специјална економска соработка, обезбедена е отворена рамка за финансирање. Првично, беше договорено да се повлечат 500 милиони евра. Договорот падна во Вашингтон, на средба на премиерот Христијан Мицкоски со неговиот унгарски колега Виктор Орбан. Кредитот се зема под поволни услови, со три години грејс-период и рок на отплата од 12 години, со каматна стапка од 3,25%, најповолна по која можеме да се задолжиме во овој момент на пазарот.

Мицкоски порача дека финансискиот договор со Унгарија вреден половина милијарда евра ќе придонесе за раст на економијата и за зголемен стандард за граѓаните. Ќе помогне за капитални инфраструктурни проекти за локалната самоуправа, а ќе биде од голема помош и за бизнисот. Вели еден од условите ќе биде бизнисот да креира пет илјади нови работни места на годишно ниво, а со оваа финансиска инјекција треба се очекува раст на бизнисот околу пет проценти над инфлацијата.




**Јавниот долг бил 58% од БДП на крајот од март.**




**Јавниот долг ќе надмине 9 милијарди евра.**

***„На овој начин, како ни една влада претходно, обезбедуваме 250 милиони евра, бараме исто така од бизнисот да вложи уште толку сопствени средства, значи да имаме некаде инвестициска активност од половина милијарда евра. 250 милиони евра ќе бидат за капитални инвестиции во општините, што значи ќе имаме една активност од 750 милиони евра“***, изјави Мицкоски.

## ПРЕПОРАКИ ДО ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Парите треба рационално да се трошат и да се скратат сите непродуктивни трошења – побара министерката за финансии. Таа издаде и задолженија и препораки за работа до државните институции.

Меѓу нив се задолжуваат буџетските корисници при склучување на колективните договори да ги имаат предвид одобрените буџетски средства и да не преземаат обврски за кои немаат обезбедено средства во буџетот за тековната година и над утврдените максимални износи на расходи на среден рок.

Јавните претпријатија и акционерските друштва во државна сопственост при склучување на колективните договори треба да побараат мислење од Министерството за финансии. При имплементација на Буџетот, буџетските корисници да не преземаат обврски над обезбедените средства со буџетот за соодветната фискална година.

Оние буџетски корисници кои остваруваат самофинансирачки активности и имаат неискористени средства во форма на салдо на сметки, тековното работење на институцијата наместо со буџетски средства да го финансираат со користење на средства од сопствените сметки.

Буџетските корисници исто така се задолжуваат континуирано да ги спроведуваат активностите за наплата на сопствените приходи и сите субјекти согласно ЕСПЕО да ги почитуваат обврските за навремено пријавување на доспеани, а неплатени обврски согласно законските рокови.

На општините, јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост им се препорачува да ги консолидираат финансиите, односно да преземат активности за наплата на сопствените приходи, како и да ги намалат непродуктивните трошења.

Работодавачите од јавниот сектор да преземат итни активности за спроведување на функционална анализа и за тоа да ја информираат Владата.

Прекроениот буџет веќе е доставен до Собранието. Пратениците на матичната комисија за финансирање и буџет ќе ја почнат дебатата на 25 јули.

# ЗОШТО ТРЕБА ИДНИТЕ СТУДЕНТИ ДА ГО ИЗБЕРАТ УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ?





**Проф. д-р Далиборка Блажеска, декан на Економскиот факултет на Универзитетот Скопје.**

Животот е полн со избори, а изборите што ги правиме ја обликуваат нашата иднина. Во моментот кога ќе завршите средно училиште, се наоѓате пред една од најважните одлуки во животот.

Дали да студирате економија, маркетинг, менаџмент на човечки ресурси, туризам, информатика...? Каде да се запишете? Зошто да го изберете Универзитетот Скопје?

Еве неколку причини зошто да студирате кај нас:

• Затоа што образовниот концепт се заснова на европски стандарди во системот на перманентно бодирање и оценување и на современи наставни програми.

• Затоа што практиката на Универзитетот се заснова на најдобрите искуства и традиции на светските универзитети.

• Затоа што се работи во најсовремени услови за работа.

• Затоа што се работи во мали групи и се постигнува висока мотивација на студентите и многу висока стапка на полагање врз основа на знаењата и активностите на студентите.

• Затоа што предметите се едносеместрални и студентите успешно ги полагаат преку колоквиуми, семинарски, презентации и студии на случај кои се реализираат во текот на целиот семестар.

• Затоа што студентите имаат можност за мобилност во текот на студиите.

• И на крај, затоа што по студиите, студентите се стекнуваат со знаења, компетенции и вештини кои им овозможуваат побрзо и поквалитетно вработување, што гарантираат висок рејтинг и добар имиџ на Универзитетот.

Универзитетот Скопје може да се пофали со голем број успешни економисти, директори на маркетинг, менаџери на човечки ресурси.

Сакате и Вие да бидете успешни?

Запишете се Економскиот факултет и бидете дел од многубројните успешни приказни. Придружете ни се заедно да чекориме кон успехот!

# КОЛУМНА

Факултетот за менаџмент на човечки ресурси е единствен факултет од ваков тип во државата и во опкружувањето. Менаџирањето на човечките ресурси е понова деловна дисциплина која навлезе во нашата држава по пат на глобализацијата и преземањето на методите на работа од развиените држави. Сепак, сè уште немаме целосна примена на менаџментот на човечки ресурси во нашите компании. Иако се вработени лица на позиција менаџер на човечки ресурси, сепак, сè уште останува навиката тие да ги заменуваат некогашните кадровски одделенија кои се занимаваа исклучиво со евидентирање отсуства, стаж и боледувања на вработените. Денешната работна динамика не дозволува таков однос кон вработените. Токму затоа постојат секторите за менаџирање на човечките ресурси. Тие се занимаваат со сите активности потребни да се постигне задоволство од работата кај вработените, но тоа никако да не се одрази негативно врз ефикасноста на работата на организацијата, туку напротив, да дејствува во насока на подобрување на работната ефикасност.

Затоа се вели дека задачата на менаџерот на човечки ресурси е комплексна и многу одговорна.

Менаџерот на човечки ресурси ги изведува следните функции: анализа на работата во организацијата, планирање на човечките ресурси, изработка на стратегија за развој на вработените, регрутирање и селекција на нови вработени, работно воведување, менторирање на нововработентие и прераспределените работници, менаџирање на талентот на вработените, менаџирање на перформансите на вработените, платите и наградувањето, унапредувањето и менаџирањето на кариерата, мотивирањето итн. Многу функции, ќе се согласите. Овие луѓе одговараат за секој



Проф. д-р Александра Стоилковска, декан на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси на Универзитетот Скопје.

вработен во организацијата од најниско до највисоко ниво. Затоа менаџерот на човечки ресурси уште го викаат и десна рака на генералниот менаџер. Но, затоа пак, овие работни места се и најплатените насекаде во светот.

Во нашата држава како сè уште да не е сфатена улогата на менаџерите на човечки ресурси. Актуелно, во недостиг од ваков кадар, на тие позиции има вработено: економисти, правници, педагози, психолози и што ли уште не, само не менаџери на човечки ресурси.

Затоа, оваа професија е многу актуелна, дефицитарна и повеќе од потребна. Едноставно, не постои организација која нема потреба од добар менаџер на човечки ресурси.

Што се однесува до програмата по која работи Факултетот за менаџмент на човечки ресурси, може да кажеме дека е изработена во содејство со истакнати менаџери на човечки ресурси од нашата држава кои се членови на Одборот за доверба со јавноста. Програмата е над 90% компатибилна со истородните факултети кои високо котираат на Шангајската листа.

Затоа, советувам, сите заинтересирани треба да нè контактираат и веднаш да се запишат!

# ТРНЛИВ Е ПАТОТ ЗА СТРАНСКИТЕ СТУДЕНТИ ВО МАКЕДОНИЈА



**Трнлив е патот на странските студенти до Македонија. Нивната желба да дојдат и да студираат во земјава згаснува уште пред да почне да се реализира идејата. Причините за ваквата очајна состојба се многубројни, од постапката која е обременета со сложени бирократски процедури меѓу повеќе институции како Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи и Министерството за образование и наука, до скапата процедура за издавање дозволи за престој.**

**Досега отсуствуваше политичка волја да се реши ваквиот проблем, со што државата наместо да ги привлекува, години наназад ги одвраќа странските студенти, па така наместо многубројни придобивки за националната економија, земјава станува неатрактивна за нив.**

Да се реши ваквата очајна состојба апелираат и професорите со кои разговаравме на оваа тема. Проректорот за наука и развој на Универзитетот Скопје, проф. д-р Зоран Ивановски, вели дека секоја година се намалува бројот на средношколци во Македонија, а од друга страна расте бројот на високообразовни институции. Ваквата состојба според него ја наметнува потребата од привлекување странски студенти со цел да се искористат домашните капацитети, но и да се зголеми девизниот прилив во домашната економија.

*„Впрочем, нашата држава, како мала и отворена економија, постојано прокламира потреба од зајакнување на извозот со цел обезбедување динамичен економски раст, а од друга страна, сосема малку ги користи можностите на своите високообразовни институции за да обезбеди солидни финансиски средства од странските студенти. Статистиките укажуваат дека еден студент од странство во просек троши околу 10.000 евра годишно (школарина, закупнини, храна и др.). Ова укажува на сериозен износ на странска акумулација, која би значела многу за растот на домашната економија, особено во услови кога растот се финансира со задолжувања од странство“*, вели Ивановски.

*„Домашните универзитети можат да одговорат на силната конкуренција со останатите земји преку зголемен*



Проф. д-р Зоран Ивановски, проректор за наука и развој на Универзитетот Скопје.

*ангажман и сериозни инвестиции во маркетинг, но се соочуваат со проблеми на секој чекор од страна на државните институции“*, констатира Ивановски.

*„Постапката за упис на странските студенти е комплицирана, недоволно координирана меѓу релевантните чинители, без реална желба состојбите да се менуваат и да им се олесни на универзитетите да запишуваат странски студенти. Главната пречка на тој пат е добивањето виза (дозвола за престој) на студентот, каде што МВР бара голем број документи, меѓу кои и нотарски договор за обезбеден стан. Имајќи предвид дека најголем број на апликанти доаѓа од азиските земји за кои е потребна виза за доаѓање во Македонија, обезбедувањето договор за закуп станува речиси ‚невозможна мисија‘ (како да обезбеди нотарски договор кога не може да влезе во државата?). На ова се надоврзуваат некоординараноста меѓу МНР (која ги прима апликациите за виза во странство) и МВР (која ги прима од МНР и носи конечна одлука за одобрување на престојот), како и недоволно конзистентна процедура на МОН за нострификација на претходното образование (се бараат свидетелства за секоја од четирите години средно училиште, иако во некои земји има друг систем (9+3) и сл.)“*, дециден е Ивановски.




Проф. д-р Јана Илиева, генерален секретар и професор на Универзитетот Скопје.

На сличен став е и професорката Јана Илиева од Универзитетот Скопје. Повеќе од очигледно е дека долги години има ограничувања за странските студенти кои имаат желба да се запишат на македонските универзитети. Тоа е загрижувачки феномен, особено во време на глобализација кога меѓукултурната и меѓународна соработка се поважни од кога било.

*„Едно можно објаснување е поимот заштита на домашните интереси. Сепак, овој аргумент брзо го губи својот кредибилитет кога ќе се противстави на практиките на бројни европски земји кои активно ги прифаќаат странските студенти. Многу ЕУ-држави, на пример, активно регрутираат студенти од целиот свет препознавајќи го непроценливиот придонес што го носат во нивните академски институции и локални економии. Земјите како Германија, Франција и Холандија имаат политики и иницијативи за привлекување странски студенти од целиот свет. Познат е добредојдениот став на Франција кон странските студенти , а нејзината кампања ‚Добредојдовте во Франција', која ја олеснува интеграцијата и обезбедува услуги за поддршка на странските студенти е иницијативи за пример. Ваквите проактивни мерки не само што поттикнуваат енергична мултикултурна средина во универзитетите, туку и значително придонесуваат за локалната економија преку зголемена потрошувачка, отворање работни места и иновации“*, вели Илиева.

Императив е, додава таа, домашните институции да го ослободат и да го рационализираат процесот за упис на странските студенти бидејќи нивниот недостиг во Македонија е повеќе пропуштена можност отколку заштитна мерка, а државата ризикува да заостане во глобалниот натпревар за таленти и иновации.

*„Испитувањето на врската меѓу министерствата за внатрешни работи, за надворешни работи и за образование укажува на потенцијалните бирократски пречки и сложеноста на овој процес. Навистина, сложената и скапа процедура за упис на странски студенти во Македонија се значајни бариери. На пример, фактот што постои само една македонска амбасада на континентот Африка, лоцирана во Египет, ги истакнува логистичките предизвици со кои се соочуваат идните студенти од другите региони. Ова географско тесно грло не само што ги засилува бирократските пречки, туку и го зголемува финансискиот товар на апликантите. Ваквите сложености и трошоци дополнително ги одвраќаат потенцијалните странски студенти*

*влошувајќи го и онака нискиот број на уписи. Оваа ситуација не само што лошо се одразува на посветеноста на Македонија за интернационализација, туку и ја попречува нејзината способност да ги искористи различните придобивки што ги носат странските студенти. Во светлината на овие предизвици, императив е овие министерства да го ослободат и да го рационализираат процесот на упис. Со намалување на административните оптоварувања и подобрување на пристапноста, Македонија може да привлече странски потенцијал кој не само што ќе ја збогати академската слика, туку и ќе произведе многубројни економски придобивки што го придружуваат меѓународното студентско присуство. Ова дотолку повеќе што отсуството на странски студенти носи значителни економски импликации. Меѓународните студенти, како што веќе споменав, не само што придонесуваат за различноста и богатството на академскиот дискурс, туку и внесуваат витални средства во домашната економија. Од школарина до трошоци за живот, нивните финансиски придонеси можат да ги зајакнат локалните бизниси и да поддржат создавање работни места. Во суштина, недостигот од странски студенти во Македонија повеќе претставува пропуштена можност отколку заштитна мерка. Строгите процедури на Македонија и ограничените напори за информирање се во целосна спротивност со инклузивните практики усвоени од нејзините европски партнери. Со неуспехот да ги искористи придобивките од меѓународната студентска мобилност, Македонија ризикува да заостане во глобалниот натпревар за таленти и за иновации. Постои итна потреба за промена на парадигмата во пристапот на земјата кон привлекувањето и уписот на странски студенти за да се усогласат поблиску со прогресивните политики забележани низ Европската Унија“*, изјави Илиева.

Дали ќе се зафати новата влада, покрај сите наталожени проблеми во високото образование, со решавање на овој предизвик? Ова прашање треба да го стави на дневен ред што поскоро со цел Македонија да се најде на мапата на држави кои ќе бидат атрактивни за странските студенти.

За да се смени состојбата, експертите апелираат дека е потребна само „политичка волја“ и координација помеѓу релевантните институции. Ако е нивниот интерес растот на економијата и на животниот стандард на своите граѓани, пораст на профитабилноста на домашните компании и вклучување на универзитетите на меѓународниот пазар, ваквата состојба би требало бргу да се менува.

Останува да видиме дали ќе „има слух“ новата власт да ја смени состојбата.

## СТАТИСТИКА: КОЛКУ СТРАНСКИ СТУДЕНТИ СТУДИРААТ ВО ЗЕМЈИТЕ НИЗ ЕВРОПА?

Речиси секоја земја има странски студенти, но нивниот број се разликува од земја до земја. Во изминатава деценија, бројот на странски студенти во европските земји е во пораст. Процентот е најголем во земјите од Западна и од Централна Европа, каде што 10-15 отсто од студентите се од странство.

Податоци од Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) за 2020 година покажуваат дека од земјите во Европа, Луксембург има најголем процент странски студенти – 48,4 отсто. По него следуваат Обединетото Кралство со 20,1 отсто, Швајцарија со 18,1 отсто и Австрија со 18 отсто.

Од друга страна, Турција има најмал процент на странски студенти во Европа – 2,3 отсто. Грција има само 2,8 отсто, а Италија има 2,9 отсто.





# ЃОРГИЕВСКИ: СКОПЈАНИ ЗАСЛУЖУВААТ ФУНКЦИОНАЛНА МЕТРОПОЛА!

*„Кисела Вода, која во минатото имаше лош имиџ, беше поврзувана со корупитивни скандали и беше општина пред банкрот, сега е општина привлечна за инвеститорите. Во индустриската зона, на 22 илјади метри квадратни, ќе започне изградба на една од најголемите фабрики за производство на кондиторски производи, како и логистички центар. Се работи за македонска инвестиција со странски партнер, која ќе овозможи вработување на 300 лица. Вкупната инвестиција е 20 милиони евра“*, вели во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент, градоначалникот на Општина Кисела Вода, Орце Ѓоргиевски.

# МОЈА ОПШТИНА

## Интервју со градоначалникот на Општина Кисела Вода, Орце Ѓоргиевски

**Изминаа речиси три години од Вашиот мандат како градоначалник на Општина Кисела Вода. Колку сте задоволен од сработеното досега?**

Уште од првиот ден кога го презедов управувањето со Општина Кисела Вода, кажав дека ќе се борам за решенија и дека ништо нема да ги разниша моите планови Кисела Вода да го добие приматот што го заслужува. За неполни три години, промените се очигледни. Успеавме да реализираме повеќе од 90 проценти од мојата програма ветена пред нашите жители. Меѓу тие проекти, има и такви кои не беа претходно планирани, но ги реализиравме следејќи ги потребите на нашите граѓани и секојдневно работејќи во комуникација со нив.

Ако илустрирам со инвестициите во комуналниот сектор, во подземната и надземната инфраструктура, зборуваме за обнова на преку 50 км улици и патишта, и тоа сообраќајници кои на овој зафат чекале по 30, 40 некогаш и по 50 години. Изградена е атмосферска мрежа во должина од 5.470 метри, фекална канализациона мрежа 8.200 метри и 4.200 метри водоводна мрежа. Би сакал да го издвојам капиталниот проект за изградба на фекална и водоводна мрежа во Каменик, едно горливо прашање со кое никој порано не се осмелуваше да се зафати, и воедно да ве информирам дека досега ја завршивме изградбата на 2700 метри фекална мрежа, а преку Министерството за животна средина, ќе изградиме и околу 6.5 км водоводна мрежа со резервоар од 500 кубни метри вода и препумпна станица. Ветив дека во мојот мандат нема да остане неасфалтирана улица и тоа ќе биде реалност и порано од ветеното.

Би потсетил и на отворањето кино по 30 години, отворањето библиотека, изградбата на два пазари, поставувањето камен-темелник на училиштето во село Драчево, што се случува по точно сто години, дигитализацијата на процесите во општината, успешно реализираниот меѓународен конкурс за „Расадник"...

Со оглед на сработеното досега и темпото на работа кое го засилуваме секојдневно, жителите на Општина Кисела Вода можат да бидат сигурни во 100-процентната реализација на мојата програма.

**Одлика на Вашата работа е иновативноста и лидерството, пред сè, во имплементацијата на проекти. Од неодамна, Кисела Вода е првата општина која обезбеди бесплатни психолошки, логопедски и дефектолошки третмани за децата кои имаат ваква потреба, како и психоедукација и стручна поддршка за нивните семејства. Што значи оваа мерка за граѓаните?**

Како општина потпишавме Меморандум за соработка со Центарот за психофизичко здравје „Гаспар“. Согласно договореното, во новоотворените простории на оваа институција во Припор, кои ги обезбедува Општина Кисела Вода, тим од специјалисти ќе нуди бесплатни услуги за деца од предучилишна и училишна возраст, за кои во соработка со градинките и училиштата е проценето дека имаат ваква потреба. Предност ќе имаат децата од социјално загрозените семејства. За сите останати кои нема да влезат во ова програма, договоривме да имаат повластени цени. Дополнително, договорената соработка ќе вклучува и обуки за кадрите во училиштата и градинките, со цел да се обезбеди дека сите деца добиваат соодветна и квалитетна поддршка. Сметам дека оваа мерка е корисна и потребна бидејќи ги намалува економските бариери кои често ги спречуваат семејствата да добијат стручна помош за своите деца. Раното детектирање и интервенција кај психолошки, логопедски и дефектолошки нарушувања може значително да го подобри квалитетот на животот на децата, овозможувајќи им подобри образовни и социјални резултати. Психоедукацијата и стручната поддршка за семејствата, пак, ги зајакнуваат нивните

Ѓоргиевски: „Досега инвестиравме во изградба или обнова на 20-тина спортско-рекреативни центри и паркови.“



капацитети да се справуваат со предизвиците и да ги поддржат своите деца на најдобар можен начин.

Ова е само еден од многуте проекти со кои се стремиме да ги подобриме условите за живот на нашите граѓани, особено на оние кои најмногу имаат потреба од поддршка. Верувам дека ваквите мерки ќе имаат долгорочни позитивни ефекти и дека како такви ќе бидат прифатени и применети и од другите општини.

**Мандатот го започнавте со наследена листа на чекање за упис во градинка, на која имаше 450 деца. Каква е состојбата сега?**

Едно од моите клучни ветувања беше дека до крајот на мандатот нема да постојат листи на чекање за упис во градинка и сакам да истакнам дека сме на одличен пат целосно да го исполниме ова ветување. Кога го презедов мандатот, наследивме листа на чекање за упис во градинка со 450 деца. Во изминатите три години, отворивме две нови градинки и ги проширивме капацитетите во многу други постоечки градинки. Овие мерки значително го намалија бројот на деца кои чекаат за упис. Моментално, уште две градинки се во процес на изградба. Едната градинка е во фаза на изградба, а за втората, во Расадник, се обезбедени средства, изготвен е проектот и наскоро ќе почне градбата. Нашата Општина продолжува интензивно да работи на надминување на сите предизвици и создавање дополнителен простор за упис на деца во градинка. Ова не само што го решава проблемот со листите на чекање, туку и обезбедува подобри услови за нашите најмлади сограѓани. Градинките не се само места каде што се децата згрижени додека нивните родители се на работа. Тие се клучни институции за ран развој и образование на децата. Во градинките, децата стекнуваат основни вештини за социјализација, учат преку игра и се подготвуваат за понатамошното образование. Дополнително, градинките играат важна улога во откривањето и раната интервенција

на потенцијалните развојни проблеми. Со обезбедувањето на доволно капацитети за сите деца кои имаат потреба од згрижување, не само што ги поддржуваме семејствата, туку и инвестираме во иднината на нашата заедница. Секое дете заслужува можност за квалитетно образование и грижа од најрана возраст, и ние ќе продолжиме да работиме неуморно за да го обезбедиме тоа.

**Покрај инвестирањето во патната инфраструктура која интензивно се одвива во сите населби и населени места, очигледно е дека фокусот на Вашата работа е насочен и кон обновата на спортската инфраструктура.**

Токму така, стратегијата за постигнување на рамномерен развој која ја покажуваме со секој наш проект, се огледува во обновувањето и градењето на патната, комуналната, но и спортската инфраструктура во сите населби и населени места. Се стремиме да ги заживееме сите места во нашата општина кои во себе носат потенцијал и досега инвестиравме во изградба или обнова на 20-тина спортско-рекреативни центри и паркови. Посебно сакам да истакнам дека голем дел од овие центри се изградени на места каде што претходно имаше огромни депонии, а голем дел се места кои во минатото биле култни спортски локации кои пропаднале поради негрижа. Со нашата работа и визија, сега им е даден нов живот. Ќе ги спомнам „Оксиген", „Феникс" и „Бецко" во Дупки, паркот „Иднина", новиот спортски комплекс во Теферич и многу други локации кои граѓаните веќе интензивно ги користат. Преку спортот, и младите и повозрасните имаат можност да развијат здрави навики, да се социјализираат и да го подобрат своето физичко и ментално здравје. Покрај тоа, овие рекреативни центри се места каде што луѓето можат да се соберат, да се дружат и да се поврзат.

Говорејќи на оваа тема, неизбежно е да ја спомнам салата „Расадник", која е некогашниот симбол на спортскиот дух на нашата општина и на градот. Имено, салата „Расадник" конечно ќе биде реконструирана и вратена на користење на граѓаните. Во текот на минатата година, правно го преземавме управувањето со овој објект. Без наталожените долгови, спортската сала „Расадник" беше преземена од Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт. Ова претпријатије има задача да стопанисува со државни спортски објекти, но и да инвестира во одржување на спортските комплекси, а кое поради 30-годишната негрижа салата ја претворило во руина, во демолиран, небезбеден и целосно уништен простор. Уште тогаш, по извршениот увид, утврдивме дека е неопходна темелна реконструкција и веднаш започнавме со процесот на подготовка.

Општина Кисела Вода го нарача проектот и тој е во финална фаза. Откако ќе биде готов, започнува реконструкцијата. Со оглед на тоа што се работи за исклучително скап зафат, големо е моето задоволство што можам да информирам дека средствата се обезбедени. Тој ќе се реализира преку Министерство за спорт во Владата на Република Македонија. Оваа спортска сала има посебно место во срцата на нашите граѓани. Таа беше дом на култниот тим „Вардар" и е сведок на многу славни спортски моменти. За многумина



**Ѓоргиевски: „Во индустриската зона, на 22 илјади метри квадратни, ќе започне изградба на една од најголемите фабрики за производство на кондиторски производи."**

од нас, таа е симбол на спортскиот дух, заедништвото и успехот, па затоа, нашата цел е да ѝ го вратиме загубениот сјај и повторно да биде место каде што ќе се пишуваат нови спортски истории.

Продолжуваме со истата динамика и посветеност за да обезбедиме уште повеќе можности за сите наши жители. Со визија и решителност, сметам дека нашата општина ќе стане уште подобро место за живеење.

**Неодамна најавивте старт на голема инвестиција во Општина Кисела Вода. Можете ли да ни ги кажете деталите?**

Многу ми е драго што Општина Кисела Вода, која во минатото имаше лош имиџ и беше поврзувана со коруптивни скандали, која беше општина пред банкрот, сега е тло кое е привлечно за инвеститорите. Во индустриската зона, на 22 илјади метри квадратни, ќе започне изградба на една од најголемите фабрики за производство на кондиторски производи, како и на логистички центар. Производството е наменето за извоз. Се работи за македонска инвестиција со странски партнер, што ќе овозможи вработување на 300 лица. Вкупната инвестиција е 20 милиони евра.

Големите инвестиции значат доверба и драго ми е што новиот начин на работа што го започнавме, новото поглавје кое подразбира почитување на законите, транспарентност, иновативност, лидерство, се препознаени. Сметам дека подобрувањето на деловната клима ќе донесе инвестиции во целата општина и дека на Кисела Вода ѝ претстои добар економски развој.

**Претседател сте на ЗЕЛС и одблизу ги гледате предизвиците со кои се соочуваат општините во Македонија. Што е најгорлив заеднички проблем на единиците на локалната самоуправа и каде го гледате излезот?**

Локалната власт во нашата земја е многу сиромашна и оттука наш приоритет како ЗЕЛС е обезбедување повеќе финансиски средства за општините. Општините трошат околу 4,9 % од бруто-домашниот производ. Во споредба со општините од земјите од регионот, да не зборуваме за општините од Европската Унија, ова се навистина минимални средства за локалната власт. Ако имаме предвид дека 70% од целокупното законодавство, особено она што го имплементиравме во согласност со стандардите на Европската Унија, се спроведува  на локално ниво, тогаш барањето да се зголеми процентот на зафаќање од ДДВ на најмалку 10% во полза на општините, а приходот од персоналниот данок целосно да им се префрли на општините, или барем најмалку 50% од него, се надевам дека нема да биде така невозможно. Бараме и да управуваме самостојно, односно преку ЗЕЛС, со распределбата на капиталните инвестиции наменети за локалната власт, за кои се залагаме да ги добиваме од еден извор, а не како досега, расцепкано.

По промената на претходната власт со која немавме никаква соработка, сега сум навистина голем оптимист дека ќе успееме да ја продлабочиме децентрализацијата и да спроведеме соодветни реформи.  Во контекст на претходното, од самиот старт, новата Влада објави дека општините ќе имаат на располагање 250 милиони евра за изградба на инфраструктурни проекти, училишта, градинки, улици, игралишта, паркови...

Се надевам дека заедно ќе работиме и на измената на законските застарени решенија, како нереформираниот Закон за даноците на имот и нееднаквиот третман на општинската даночна администрација во однос на државната даночна администрација.

Она што е многу позитивно во ЗЕЛС е работата на телата и органите на  ЗЕЛС, каде што одлуките се донесуваат со консензус, во интерес на општините и на граѓани, без никакво наметнување на партиски или некои лични интереси. Единството во ЗЕЛС всушност беше и ќе остане најмоќната алатка за постигнување напредок на локалната власт. Сепак, уште едно прашање останува отворено, а тоа е немањето соработка со градоначалничката на Град Скопје, која ја

кочи и ја опструира работата на сите други градоначалници од Градот.

**Поднесовте тужба до ЈП „Комунална хигиена“ поради тоа што не си ги извршуваат обврските, поради нехигиената во која тоне главниот град.**

Ова беше логичен след на нештата по сите наши повици, апели и обиди да се натера ова јавно претпријатие кое е под надлежност на Градот Скопје да си ја врши работата за која секој месец зема пари од граѓаните. Во месец јули, кога температурите се над 40 степени, да не се собира отпадот е еднакво со обид за создавање епидемија. Минатата година состојбата беше иста, па ние како градоначалници моравме сами да се организираме и да им ја вршиме работата. За тоа добивме прекршочни пријави од Градот Скопје, кои потоа на суд беа отфрлени. Разликата сега е во тоа што казните кои нашите инспектори ги напишаа се врз база на докази, врз база на секојдневието во кое нè тераат да живееме. Ние не зборуваме само за нехигиена. Зборуваме и за немање јавен превоз, за непостапување при пукнати водоводни цевки, неискосени паркови, на еден тотален застој што е резултат на неспособност и на инает од страна на актуелната градоначалничка Арсовска. Но, цената за тоа ја плаќаат граѓаните. Затоа, како градоначалник на Кисела Вода, ќе продолжам да правам сè што е во моја моќ да ги заштитам нашите жители.

**Вашето име сè почесто се споменува како еден од кандидатите за иден градоначалник на Скопје. Имате ли таква амбиција и што е она што најмногу му недостига на Скопје?**

Рано е да дискутираме на оваа тема, но мислам дека да се биде градоначалник на Град Скопје е голема одговорност, чест и привилегија. Да можеш да менаџираш со потребите на граѓаните и да го направиш градот во кој живееш подобар, е сериозна задача со многу предизвици на кои треба да се нафати само амбициозен и решителен човек. Секој од нас има визија за тоа во каков град сака да живее, но сметам дека пред сè, Скопје мора да биде функционален град.  Тоа подразбира ефективно управување со инфраструктурата, обезбедување услуги и развојни проекти што ќе обезбедат подобар квалитет на живот за сите граѓани. Сите аспекти на градскиот живот треба да функционираат ефикасно и да одговараат на потребите на граѓаните. Меѓутоа, пред мене има уште повеќе од една година во која мора да се завршат проектите во Кисела Вода, со кои таа целосно го смени својот лик. Работата која ја започнавме треба да се доврши за да можеме да гледаме на овие проекти како долгорочно успешни примери на нашата посветеност и напор.

Сè во свое време. И на крајот, тоа ќе биде одлука на граѓаните. Тие го даваат својот глас и суд за тоа кој е најдобриот избор за следниот градоначалник на Скопје. Но, едно е сигурно, скопјани заслужуваат функционална метропола.

**Ѓоргиевски: „Во месец јули, кога темературите се над 40 степени, да не се собира отпадот е еднакво со обид за создавање на епидемија.“**



# МАЛТА – РАЈ ВО СРЦЕТО НА СРЕДОЗЕМНОТО МОРЕ

**Малиот архипелаг под Сицилија е сè поатрактивна дестинација за странците кои сакаат да работат во некоја од земјите на Европската Унија или трајно да се преселат таму. На секоја улица можете да слушнете да се зборува македонски или српски јазик. Особено во летните месеци, односно во шпицот на сезоната, бројот на нашинци кои се на печалба како сезонски работници достигнуваше и до 10 илјади луѓе. Каков е животот на Малта, зошто е атрактивна за жителите од Балканот и што нуди за туристите, прочитајте во продолжение.**



## МАКЕДОНСКАТА ЕМИГРАЦИЈА НА МАЛТА

Непалци во Македонија, Македонци на Малта – вака отприлика изгледа печалбарската судбина на земјава. Сè поголем број наши сограѓани, како и многу други луѓе од различни земји, избираат да одат да работат и да живеат во Малта од различни причини. Малта нуди многу придобивки и можности кои ја прават атрактивна дестинација за емигранти. Минијатурниот архипелаг во срцето на Средоземното Море е една од најбрзорастечките економии во Европската Унија, со стабилен раст на БДП и ниска стапка на невработеност. Ова создава многу работни места во различни сектори, при што доминираат финансиските услуги, туризмот и угостителството, онлајн-игрите, образованието и здравството. Малта има стабилна политичка состојба која привлекува странски инвестиции и создава поволни услови за живот и работа. Се смета дека таму има висок квалитет на живот со добра инфраструктура, здравствени услуги, образование и други јавни услуги. Нивото на безбедност е релативно високо, што ја прави атрактивна за семејства. Освен тоа, со својата медитеранска клима, Малта има топли лета и благи зими, што ја прави пријатно место за живеење. Природните убавини, плажите и историските локалитети се дополнителни придобивки.

Малта е мултикултурна и мултијазична земја со



**Малта.**
*Извор: maltaingoguide.com*





толерантно општество. На Македонците им се допаѓа тоа што земјата нуди богат социјален и културен живот со многу фестивали, настани и активности кои ги збогатуваат искуствата на емигрантите. Освен тоа, Малта е релативно блиску до Македонија, има воспоставен авионски превоз, што го олеснува патувањето и одржувањето на врските со семејството и пријателите. Англискиот е еден од официјалните јазици во Малта, што ја олеснува комуникацијата и интеграцијата за Македонците.

## ОПАЃА ИНТЕРЕСОТ КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ ЗА МАЛТА КАКО МЕСТО ЗА ЖИВОТ

Нашинците имаат навистина голема заедница на Малта. Преку социјалните мрежи си нудат работа, се препорачуваат кај газдите. Во последно време имаат проблем со подигнување новите пасоши со новото име на државата, па се организираат со што е можно помал трошок да си ги преземат од нашата амбасада во Рим. На Малта може да се сретне бурекџилница, ресторан, фирма за обука за спортови на вода, радио кои ги менаџираат Македонци. Се организираат таканаречени македонски, српски, балкански вечери со жива музика.

Сепак, не е сè така розово. Во последниве неколку години опаѓа интересот кај Македонците, Србите и воопшто Балканците да одат да работат и да живеат на Малта. Причината е буквално напливот на Азијати кои го преплавија островот. Тие значително ја намалија цената на трудот, додека во исто време станарината се вивна до небо. Животот на Малта почнува да станува неисплатлив за нашинците. Велат, „ок“ е ако не си толку квалификуван, да можеш да живееш скромно, но да заработиш и да заштедиш, станува сè потешко.

Тоа дополнително ја намалува македонската заедница на островите. Според податоците за минатата година, доселениците од Македонија се наоѓаат на 18. место со едвај 1.500 луѓе со работна дозвола. Ако се земе предвид дека има и такви со бугарски пасоши, нивната бројка не надминува 3.000 луѓе. Ова е драстично намалување споредено со предпандемискиот период.

# МАЛТА СЕ ПРЕТВОРА ВО „МАЛА ИНДИЈА“

Најголема е сега азиската заедница. За само 2 години, бројот на дојденци од азиските држави е за 600% поголем од претходните години. Па така, за 2023 година, најмногу работни дозволи им се издале на работниците од Индија со над 13 илјади издадени работни дозволи.

Ако се собере бројот на балканските граѓани кои живеат на Малта, се доаѓа до бројка од само 11.500 граѓани кои активно живеат и работат во Малта.

Од друга страна, ако се собере вкупниот бројот на Азијати кои живеат на Малта (Индијци , Филипинци, Непалци, Пакистанци и Бангладешани), тој е над 36 илјади. Бројот на ЕУ-граѓани кои живеат во Малта е над 25 илјади. И бројот на ЕУ граѓани е во постојан драстичен пад во последниве две години.

Од групата „Македонска заедница на Малта“ на социјалните мрежи пишуваат дека за падот на бројот на жители од Балканот има повеќе причини. Дел од нив можат да се лоцираат во превисоките ренти за станови. Инфлацијата и големата побарувачка си го направиле своето. Ако во 2025-та можело да се најде пристоен стан за 400 евра, сега сумата е драстично поголема и достигнува 1.000 евра. Најскапи се становите во Слиема и Сан Џулијан. Тоа ги принудува Македонците да бараат работа и сместување на некои „поевтини“ дестинации како Бугиба и Сент Пол на север на главниот остров. Таму се сместени и најголем број од нашите сонародници.

Другите причини треба да се бараат во намалување на платите на работниците со таканаречениот увоз на евтина работна сила од азиските држави. Цената на труд драстично е спуштена и до 4,5 евра саатница за најслабо платените позиции.

***„Следно е неуспешноста за реформирање на системот за издавање работни дозволи, каде што без разлика колку години си живеел, ако е работната дозвола прекината и ако не промениш работодавец во рок од 10 дена, мора да ја напуштиш Малта. Поскапувањето на основните продукти за живот, како и инфлацијата која е доста висока, влијаат на вкупниот месечен буџет. Искрено, жално е да се гледа секојдневно како некој од балканските држави заминува во други европски држави, а пред само 2 години имаше процес на доаѓање на балканци на Малта. Се очекува за 2024 година (бројките ќе ги знаеме во јануари 2025 година) бројот на Македонци, но и општо на балканци да се намали уште повеќе за сметка на зголемување на бројот на Азијати“***, пишуваат на Фејсбук од групата „Македонска заедница на Малта“.

## ТУРИЗМОТ НА МАЛТА

Ако не сакате да работите на Малта туку само туристички да го посетите архипелагот, оваа држава има и тоа како што да му понуди на секој посетител. Малта ја нарекуваат и земја на витезите бидејќи има многу историски објекти, цркви, тврдини кои се белег на државата, а се изградени од крстоносците. Додека малтешките острови биле под власта на витешкиот ред Болничари (XV век – крај на XVIII век), Големиот мајстор имал статус на управител на католичката црква и уживал посебни односи со папата.

## ВАЛЕТА

Главниот град Валета ќе ве воодушеви со своите импозантни ѕидови, видиковци, палати и згради, како и прекрасната катедрала „Св. Јован“, во која се наоѓа и една од најпознатите слики на Караваџо. Кога шетате низ Валета, имате чувство дека сте дел од средновековниот период – како времето да застанало таму. Големи број тесни улички се појавуваат од сите страни, а секоја од нив ќе ви раскаже по некоја посебна приказна. Овде нема да најдете ниту еден модерен објект. Сè е старо. Малта има ригорозни правила за градење нови објекти. Тие мора да бидат во песочна нијанса за да не го нарушуваат уникатниот изглед на старото јадро. Задолжително посетете го Плоштадот на Републиката, градската артерија, како и тврдината Елмо. Во центарот на градот доминира фонтаната Тритон. Многубројните катедрали и тврдини ќе ви го одземат здивот. Токму затоа, градот е целосно под заштита на УНЕСКО. И покрај огромниот број туристи и работници од странство, Валета официјално брои само 7 илјади жители.

## КАТЕДРАЛА „СВ. ЈОВАН“

Катедралата „Св. Јован“ во Валета е една од највпечатливите и историски значајни знаменитости на островот. Таа била изградена помеѓу 1572 и 1577 година од страна на редот на свети Јован, исто така познат како „Витези-болничари“. Катедралата е посветена на свети Јован Крстител, заштитникот на редот. Надворешноста на катедралата е релативно строга, што ја одразува воената и религиозната природа на витезите. Иако фасадата може да изгледа обична, таа е во барокен стил, кој се карактеризира со својата величественост и детална орнаментика. За разлика од неговата надворешност, внатрешноста на катедралата „Свети Јован“ е раскошно украсена, со употреба на златни листови, сложени резби и живописни фрески.

Едно од најпознатите уметнички дела на катедралата е сликата „Обезглавувањето на Свети Јован Крстител“ од Караваџо. Оваа слика се смета за едно од ремек-делата на Караваџо и е единственото дело што тој го потпишал. Покрај фреските на таванот, уметникот Матија Прети создал и многу слики и скулптури во катедралата. Катедралата исто така содржи збирка таписерии и сребрени артефакти, кои биле подароци од витезите.



Катедрала „Свети Јован“.





## ГРАДИНИТЕ НА ГОРНАТА БАРАКА

Се работи за најпознатите и најубавите градини во Валета кои се целосно бесплатни за посетителите. Зошто е акцентот на бесплатни? Затоа што Малта е исклучиво сува земја, каменеста и песочна, нема реки, ниту езера, а солената вода од морето се прочистува за да може да се користи. Колку и да ни нам чудно, зелените површини на Малта се ретки и навистина е тешко да се одржува вегетацијата. Затоа, во најголем број од градините се наплаќа влезница, која чини и до 10 евра.

Под градините, на долниот степен на бастионот, се наоѓа топовската артилерија, каде што топовите пукаат секојдневно напладне и во 16 часот, традиција која датира од британскиот период.

Градините на горната барака првично биле создадени во 1661 година од италијанските витези од редот на свети Јован како приватна градина за нивен одмор. Градините биле отворени за јавноста на почетокот на 19 век за време на британскиот колонијален период во Малта. Градините се наоѓаат на највисоката точка на градските ѕидини на Валета нудејќи стратешки поглед на пристаништето. Историски гледано, оваа гледна точка обезбедува одлична потрага за какви било поморски закани што се приближуваат.

Градините се реткост на Малта.





**Мдина.**
*Извор: Македонска заедница на Малта*

## СРЕДНОВЕКОВНИОТ ГРАД МДИНА

Мдина, позната и како „Стариот град“, е стара престолнина на Малта и е населена уште од античките времиња. Овој град е познат по своите тесни улички, средновековни куќи и величествени палати.

Мдина е домаќин на околу 1,5 милиони туристи годишно. Својата популарност ја доби во изминатите 10 години, слично како и Дубровник во Хрватска меѓу љубителите на исклучително популарната серија „Игра на тронови“. Поради уникатноста на градот, тој често се користи за снимање филмови во холивудска и боливудска продукција.

Во Мдина не се дозволени автомобили (освен за ограничен број жители, возила за итни случаи, свадбени автомобили и коњи), делумно поради што и го добил прекарот „Тивкиот град“. Градот е необичен спој на норманска и барокна архитектура, со неколку палати, од кои повеќето служат како приватни домови. Во периодот од 2008 до 2016 година била извршена обемна реставрација на градските ѕидини.

Меѓу клучните атракции се вбројуваат катедралата „Свети Павле“, која е главна црква во Мдина и која датира од 17 век, катакомбите на „Свети Павле“, палатата Вилена – импресивна палата која е отворена за јавноста и прикажува историски артефакти, и занданите кои ги кријат најмрачните тајни за заробеништвото на островот.

**Катредрала Успение на Пресвета Богородица.**




## КАТЕДРАЛАТА ВО МОСТА

Една од најистакнатите и најпознатите градби на островот со величествена купола се назира високо над градот Моста. Ова неокласично ремек-дело било изградено над црква од 16 век, за што биле потребни 28 години. По завршувањето во 1860 година, старата црква внатре била урната. Посветена на Успението на Пресвета Богородица, зградата е пример на архитектонско украсување, а најзабележителна карактеристика е нејзината прекрасна купола Ротонда. Се вели дека е трета по големина во светот, висока 52 метри. Црквата била речиси уништена во 1942 година кога бомба тешка 200 килограми паднала низ куполата без да експлодира. За чудо, ниту еден од 300-те луѓе кои присуствувале внатре на миса не бил повреден. Бомбата сè уште се наоѓа во црквата.

## СЛИЕМА

Слиема е дефинитивно малтешкиот центар за шопинг, кафулиња и ресторани. Слиема е крајбрежен град кој се наоѓа во непосредна близина на Сан Џулијан. Некогаш дом на аристократијата на Малта – сега главна комерцијална област многу популарна за шопинг, преполна со барови, кафулиња, ресторани и хотели. Слиема го добила своето име од капелата посветена на Богородица од морето (Стела Марис) изградена во 1855 година, која служела како референтна точка за рибарите кои ја населувале областа. Името е поврзано со почетните зборови на молитвата „Hil Mary", кои на малтешки се „Sliem Għalik Marija". Иако Слиема е малтешки збор што значи мир или спокојство, во реалноста е најбучното место на островот. Слиема било првото туристичко одморалиште на Малта, а неговото значење сè уште останува. Во денешно време останале само неколку викторијански и арт-нуво куќи, а останатите се заменети со модерни станбени блокови, установи и хотели.

Од една страна, гребенот Слиема нуди спектакуларни погледи кон Валета, а од другата страна, има неверојатен поглед на отворено море. Шеталиштето кое се протега на неколку километри е идеално за долги прошетки или трчање, додека многубројните клупи обезбедуваат место за релаксација и дружење на локалното население во топлите летни вечери. Крајбрежјето на Слиема, исто така, може да се пофали со Градината на независноста, комплетирана со детско игралиште, како и две утврдувања: кулата Де Редин изградена во 17 век за да ги заштити островите од морски напади, и уште една кула што ја изградиле Британците во неоготски стил во 1880-тите.

## РИБАРСКОТО СЕЛЦЕ МАРСАКСЛОК

Ова е мало, традиционално рибарско село во југоисточниот регион на Малта. Има пристаниште и е туристичка атракција позната по пејзажите, рибарите и историјата. На самиот морски брег, секоја недела се одржува голем рибен пазар, иако риба може да се купи секој ден.

Традиционалните луци (чамци со посебна аеродинамика обоени во традиционални колоритни бои) и други поголеми и помодерни пловила се заштитен знак и белег на селцето.

Во близина се наоѓа „Базенот на св. Петар" – популарно карпесто место за пливање, а туристите главно го посетуваат заедно со уште една голема туристичка атракција – Сината пештера која завршува длабоко во морето.

## АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ ХИПОГЕУМ ХАЛ-САФЛИЕНИ

Се работи за подземен некрополис кој датира од 3600-2500 п.н.е. и е еден од најзначајните археолошки локалитети на Малта. Скриен длабоко под земја, невидлив за минувачите, овие мистични праисториски гробишта биле откриени дури во 1902 година. Навистина надреално и по големина и по раскош, неговата сложена врежана мрежа од сали, одаи и премини покрива површина не помала од 500 метри.

Овде се откриени многубројни амајлии, парчиња керамика, резби од животни и најпознатата статуа на легната дебела дама, денес изложена во Националниот музеј на Малта. Навистина величествен во секој поглед, посетата на оваа спектакуларно зачувана локација на светското наследство на УНЕСКО, секако, не треба да се пропушти. Имајте предвид дека за посета на ова место треба да резервирате билети преку интернет неколку недели порано.

## ХРАМОВИТЕ ЏИГАНТИЈА

Мегалитски храмови на островот Гозо датираат од 3.600 до 3.200 години п.н.е. Опкружени се со огромен камен ѕид чија заоблена форма укажува на формата на самата земја. Сепак, не е сосема јасно каков тип религиозни обреди се случувале овде. На местото биле пронајдени камени огништа и животински остатоци, како и дупки на подот, кои силно укажуваат на жртвување животни.

## АРХЕОЛОШКИОР ПАРК ХАЏАР КИМ И МНАЈДРА

Хаџар Ким може да се пофали со единствена главна зграда со надворешни карактеристики и врати. Нејзиниот централен премин е поплочен со камени плочи, кој води до комори со земјени подови. Во зградата се изложени оригинални резби со низок релјеф. Во Хаџар Ким, комора ја означува летната краткоденица, со сончева светлина што создава проекција во облик на полумесечина низ дупка во зори.

Мнајдра има поголемо опсерваторско значење слично на македонското Кокино. Јужната зграда во Мнајдра се усогласува со пролетните и есенските рамноденица (21 март и 23 септември), а сончевата светлина директно влегува во централната врата. За време на летната краткодневица (22 јуни), сонцето осветлува мегалит на левата страна, а за време на зимската краткодневица (22 декември), истиот ефект се појавува на десната страна.

Во Малта има 10-тина храмови уште од најстари времиња, од кои голем дел служеле како мегалитски опсерватории на овој простор и се доказ за населеноста на островите далеку во минатото (докази до 5.000 години п.н.е.).

## ЦРВЕНАТА КУЛА

Малта има многу кули-светилници, остатоци од некогашните тврдини, но се чини Црвената кула или кулата „Света Агата" е најпопуларна меѓу нив.

Изградена како дел од системот на караули поставени од велемајсторите, Црвената кула била изградена во текот на две години, од 1647 до 1649 година, за време на магистерството на велемајсторот Ласкарис, како најоддалечено утврдување од Валета. Служела како медиум за комуникација помеѓу главниот град и Гозо. Пораките можеле да се репродуцираат од една до друга кула од Гозо до Валета и обратно. Била опремена со топови и залихи за да издржи 40-дневна опсада. Посетата на оваа прекрасна кула секако не треба да се пропушти, не само поради нејзиниот историски контекст, туку и поради прекрасниот поглед од 360 степени од покривот на кулата. Сепак, таа често се реставрира во последниве 20 години, па често е и затворена за јавноста.

Црвената кула.



## ЗАБАВНИОТ ПАРК „ПОПАЈ“

Овој тематски парк е изграден како филмски сет за филмот „Попај“ од 1980 година и е популарна атракција за семејства со деца. Содржи разни игри за најмалите, воден парк и уникатни остатоци и реплики на објектите што се користеле во филмот. Влезот се наплаќа 15 евра, а метежот, очекувано е најголем во викендите.



**Забавен парк „Попај“.**
*Извор: vcmsmaltarentals.com*

## ОСТРОВОТ КОМИНО

Островот Комино е мало островче кое се наоѓа меѓу островот Малта и островот Гозо. Најчесто туристите го посетуваат заедно со Гозо или, пак, се одлучуваат за евтини полудневни тури. Имајте предвид дека на Малта е многу жешко, а на овој остров речиси и да нема вегетација, па нема сенка на патот.

## ПЛИВАЈТЕ ВО СИНАТА ЛАГУНА

Овде најчесто се доаѓа за да се посети популарната Сина лагуна, идиличен рај познат по пејзажите во бројни филмови и популарен поради бистрата тиркизна вода. Сепак, овде има толку многу туристи што ако не го посетите во раните утрински часови, можеби нема да најдете место за да поставите пешкир и чадор. Од бродот до Комино веќе највероjатно ќе ги видите кристално чистите води на Сината лагуна. Таа се наоѓа на карпест дел од крајбрежјето на Комино. Водата е многу плитка и пријатно топла.

## СМИРЕТЕ СЕ ВО ЗАЛИВОТ САН НИКЛАВ

Заливот Сан Никлав е дом на хотелот Комино. Ова е прекрасен залив со бистри води, совршен за бегство од толпата во Сината лагуна. Тука има и продавница за опрема за нуркање за оние кои сакаат да го истражат повеќе подводниот свет.

## ПЛИВАЈТЕ ВО ЗАЛИВОТ САНТА МАРИЈА И ИСТРАЖЕТЕ ГИ ПЕШТЕРИТЕ

Ова е совршен мал залив. Има мала плажа и бар. Ќе видите дека чамците застануваат тука и луѓето скокаат веднаш. Пештерите, пак, најдобро се гледаат од водата. Некои од нив се целосно под вода, па се достапни само при нуркање. Другите се над водата и можете да влезете во нив со чамец.

**Сината лагуна.**
*Извор: malta-giude.net*





Цитадела.

## ОСТРОВОТ ГОЗО

До Гозо се стигнува со траект од Малта, а патувањето трае 40-тина минути. На самиот остров има регуларен автобуски превоз, а исто така сообраќа и популарниот „Hop on, hop off", кој го има и на главниот остров. Ова е можеби и најдобриот начин за да го разгледате Гозо.



## ЦИТАДЕЛАТА

Ова неверојатно место датира 1.500 година пред нашата ера. Се наоѓа високо на врвот на еден рид и доминира над островот. Одовде има една од најубавите глетки, но подгответе се бидејќи дува ветер цело време.

## КАТЕДРАЛАТА УСПЕНИЕ

Ова е едно од најфотогеничните места во Цитаделата. Ова е прекрасна катедрала со огромен двор. Одлично место за фотографии ќе најдете ако ја следите патеката до другата страна на дворот, што ќе ви овозможи целосен поглед на катедралата. Да се талка низ цитаделата е едно од најубавите искуства овде, а особено ако по долгата прошетка седнете на ручек во некоја од летните тераси на врвот на прастарите градби од каде што се шири величествен поглед на Цитаделата и на целиот град Викторија.



## ПЛОШТАДОТ ОКОЛУ БАЗИЛИКАТА „СВЕТИ ЃОРЃИ"

По посетата на Цитаделата, упатете се назад кон центарот на Викторија за да го разгледате. Базиликата „Свети Ѓорѓи" е опкружена со прекрасни кафулиња и ресторани кои ве мамат да запрете за да се освежите. Во близина ќе го најдете и музејот Ил-Хагар Гозо, ако сѐ уште не ви е доста од историјата во Цитаделата.

## ПЕШТЕРАТА ИЛ-МИКСТА

Главна одлика на Гозо е неговата природа. Оваа пештера е поставена високо во карпите над заливот Рамла. Може да се пофали со неверојатен поглед на целиот залив и дефинитивно вреди да се посети. Недостатоци се што нема знаци до пештерата, но лесно се стигнува до неа.

## ДОЛИНАТА ГАСРИ

Ова е огромна карпеста клисура каде што водата тече од морето. На крајот на оваа река има мала плажа. Восхитувајте се одозгора, или упатете се надолу да уживате.

## СОЛЕНАТА ДОЛИНА

Ова е река која тече во внатрешноста на импресивна карпеста формација. Исто така познато место како другиот „Азурен прозорец" на Малта.



Плажата Јаболково око.

## СОЛЕНИТЕ ПОЛИЊА

Брегот на Гозо е покриен со т.н. солени садови. Тие се сместени веднаш до рабовите на карпите дозволувајќи им на брановите да се срушат над карпите и да ја таложат солената вода право во тавите за сол. Ова не е единственото место каде што можете да видите тави за сол. Можете да ги видите и во заливот Двејра и во заливот Гујни.

## ЗАЛИВОТ ДВЕЈРА

Совршено место за зајдисонце! Заливот Двејра е прекрасен залив за да се опуштите и да гледате како заоѓа сонцето. И покрај тоа што не постои класична плажа, ова е популарно место за капење. За оние кои не се толку храбри да скокнат во морето овде, има мало внатрешно море веднаш зад заливот Двејра. Одовде има тунел од 65 метри низ карпите кој оди сè до морето. Во близина се наоѓаат и остатоците од некогаш едно од најпопуларните атракции на Малта – Азурниот прозорец, кој во страшно невреме беше уништен во 2017-та година.

## ПЛАЖИ

Од сите работи што можете да ги видите и доживеете на Малта, плажите се најслаба алка. Ако сте турист што сака да се излежува, Малта не е дестинација за вас. Едноставно, има малку плажи, а најголем дел од нив се карпести. Сепак, водата е една од најчистите на Медитеранот, а ова се најпопуларните 5 плажи.

Плажата Мелиеха е најголемата песочна плажа на Малта, идеална за семејства и за љубители на водни спортови.

Златната плажа е популарна плажа со златен песок и прекрасни залези.

Убавата плажа е сместена во приморскиот град Бирзебуга, а е позната по бистрата азурна вода и спектакуларниот поглед

Плажата Јаболково око е веднаш до популарната Златна плажа, со истиот прекрасен изглед и мек песок. Јаболковото око е потивок избор далеку од метежот.

Црвената плажа е најдолгата плажа во Малта, препознатлива по песокот во боја на теракота

## ГАСТРОНОМИЈА

Од сите работи на Малта, една од најслабите алки е гастрономијата. Бидејќи е земја што зависи од увоз на храна, овде ништо не може да се одгледува. Туристите се скептици околу локалната кујна, која ретко кој ја преферира. Малтешката кујна е мешавина од медитерански вкусови, со влијанија од италијанската, арапската и британската кујна. Некои од традиционалните јадења вклучуваат:

Фтири – малтешки леб со маслинки, домати и други состојки.

Пастици – едно од најпознатите печива на Малта. Тоа се мали печива полнети со сирење или грашок.

Пивото Циск – локално пиво со сладок вкус.

Малтешката кујна е позната и по специјалитетите кои вклучуваат разни видови тестенини комбинирани со месо од зајак.

# ПОДДРШКАТА ОД РЕКТОРОТ АЦЕ МИЛЕНКОВСКИ ТРЕБА ДА БИДЕ ПРИМЕР ЗА ПРИВАТНИОТ И ЗА ДРЖАВНИОТ БИЗНИС-СЕКТОР КОГА СТАНУВА ЗБОР ЗА ИСТОРИСКОТО НАСЛЕДСТВО НА НАШАТА МАКЕДОНИЈА

Годинава за првпат „Вардарската регата Гемиџии“ наместо до Гевгелија, која беше последната станица, стигна до Солун. Пловеа седум дена, ноќеваа во Криволак, Демир Капија и Мрзенци, а во Грција – во Евзони, Акропотамис и Солун. Ангелче Гушев, старешина на Извиднички одред „Димитар Влахов“ од Велес и главен капетан на регатата, вели дека по многу обиди, во целост му се остварил животниот сон – да ги одбележи ликот и делото на младите велешани гемиџии и да положи венец од свежо цвеќе во Егејското Море кај црквата „Св. Никола“, местото каде што пристигнувале и велешките гемиџии и ја растоварале робата која продолжувала за Турција и за Мала Азија.



# ДУРБИН




Ректорот Миленковски безрезервно ја поддржа „Вардарската регата Гемиџии 2024“.



**Универзитетот Скопје  оваа година ја поддржа Вардарската регата. Додека се договаравме за интервјуто, истакнавте дека во Вашата 40-годишна активност не сте сретнале човек како ректорот на Универзитетот Скопје, Аце Миленковски. Понекогаш добриот збор и убавата мисла се многу позначајни од парите. Дали се движат во таа насока впечатоците стекнати со ректорот?**

Како прво, сакам да истакнам дека човек како ректорот Аце Миленковски запознав првпат. Човек кој си ја сака државата, патриот, човек кој сака да ги негува историските традиции на нашата Македонија. Господинот Миленковски безрезервно ја поддржа „Вардарската регата Гемиџии 2024“,  со што во целост даде поддршка на ликот и делото на младите велешани кои пред 121 години го актуелизираа македонското прашање пред западноевропските држави, а воедно и ја поддржа идејата за развој на речниот туризам и на сплаварењето помеѓу Македонија и Грција, или историските трговски врски помеѓу Велес и Солун. Поддршката од ректорот Миленковски треба да биде пример за приватниот и за државниот бизнис-сектор кога станува збор за историското наследство на нашата Македонија.

**Каков вид на соработка ќе продолжите со УТМС? Што Ве прави најмногу среќни од заедничките планови?**

Соработката помеѓу извидничкиот одред „Димитар Влахов“ од Велес како најстар во Македонија и најстара младинска организација во земјава, со Универзитетот Скопје треба да продолжи со заеднички развој и промоција на руралниот туризам. Ние како извидници го практикуваме со создавањето на извидничкиот центар „Голозинци“, во кој редовно организираме кампови за млади, каде што се организираат натпревари во ориентација и топографија на непознат терен, исхрана во природа, прва помош. Покрај споменатите кампови кои ги организираме во извидничкиот центар на тема топографија, картографија и ориентација, организираме и голем број еколошки кампови, преку кои ги промовираме убавините на Општина Чашка како општина со најголем капаците за развој на руралниот туризам. Покрај еколошките кампови, организираме и кампови за мировно образование, борба против дискриминацијата, корупцијата. Преку овие кампови успеваме да придонесеме во образованието на младите луѓе низ систем на вредности засновани врз „Извидничкиот завет и закони“, да помогне во изградба на подобар свет каде што луѓето се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството.

**Досега 23 пати пловевте до Гевгелија, а сега првпат до Солун. Се оствари Вашата најголема желба да влезете во Егејското Море преку Вардар. Како успеавте да се договорите со нашиот јужен сосед?**

Да, од самото формирање на „Вардарската регата Гемиџии“ до денес се организирани 23 регати. Првата е организирана во 1976 година, по што со прекини се одржаа 10 регати. Но, во 2010 година, тогашниот градоначалник на Велес Горан Петров од нас извидниците и велешките кајакари побара да ја возобновиме регатата. До денес, во вториот циклус се организираа 14 регати. Но, оваа последна регата, на моја иницијатива, пред советот на Општина Велес беше предложена да заврши во Солун. Оваа идеја ја имав неколку години од причина што имаме добри релации со солунските извидници.

Како старешина на извиднички одред „Димитар Влахов“ од Велес, со уште четири мои соработници од одредот, неколку пати ги посетив солунските извидници во Солун и локалните извидници по течението на реката Вардар во регионот на Евзони, Поликастро – Ксалатра. Го видовме Вардар во Грција.

Од самото формирање на „Вардарската регата Гемиџии“ до денес се организирани 23 регати.



Воедно и солунските извидници нè посетија за велигденските празници во Велес, и на тој начин ги утврдивме сите подробности за реализацијата на „Вардарската регата Гемиџии 2024“.

Сакам да напоменам дека соработката и поддршката од солунските извидници беше на највисоко ниво. Покрај целосната потребна документација што требаше да се обезбеди во Грција за движење по вода, а која ни ја обезбедија солунските извидници, во сите три етапи на веслање во Грција во базните логори во Евзони, Акропотамос и Солун, нашите домаќини ни дадоа поддршка во голема количина храна, сокови, вода и голема количина мраз, кој ни беше премногу потребен за пловидбата.

И на крај, сакам да кажам дека по многу обиди, во целост ми се оствари мојот животниот сон и тој на моите соработници да го одбележиме ликот и делото на младите велешани гемиџии и да положиме венец од свежо цвеќе во Егејското Море кај црквата „Св. Никола“, местото каде што пристигнувале и велешките гемиџии и ја растоварале робата, која продолжувала за Турција и Мала Азија.

**Ја продолживте традицијата на велешките гемиџии, на трговците кои од Велес пловеле до Солун и ја носеле својата стока за продажба до бродовите. Вардар има 388 километри, а тие последните 80 за првпат ги почувствувавте. Колку време патувавте? Каква беше атмосферата на крајот? Имаше ли прослава?**

Да, ја продолживме традицијата на велешките гемиџии, на трговците кои од Велес пловеле со гемиите до Солун и ја носеле својата стока за продажба. Најмногу се носел велешкиот катран, морфиум од велешкиот афион кој се користел во фармацијата, потоа сафтијан, козја кожа што се користела за изработка на џокејски женски одела во Англија и во Франција, тутун, ракија и во зима – овчата пастрма. Кога пристигнувале во Солун, ги растурале 18-метарските гемии изработени од оревово дрво и дрвото го продавале како квалитетна ореова граѓа.

Ние, од Велес до Солун имаме 280 километри. Започнавме со пловидбата на 20 јуни и веславме до НАТО-кампот „Криволак“, каде што беше првиот базен логор. На 21 јуни од „Криволак“ заминавме во регионот на Неготино, по што пристигнавме во Демир Капија, каде што беше вториот базен логор. На 22 јуни од Демир Капија пловидбата продолжи до село Марвинци, каде што ја спакувавме опремата и со автобус се префрливме во Евзони, каде што беше третиот базен логор. На 23 јуни од регионот на Евзони – Поликастро, регатата продолжи кон селото Акропотамис, каде што беше четвртиот базен логор. На 24

Годинава веслаа 58 учесници.



јуни од Акропотамис, регатата продолжи кон регионот Ксалатра и влезе во делтата на реката Вардар, преку која излеговме на отворено море до црквата „Св. Никола“, на некои 8 километри од центарот на Солун. По исловувањето, пет учесници на регата со галија пристигнаа во центарот на Солун заедно со пет солунски извидници. Сите наши учесници се сместија во поморската база „Николаос Принзиос“ во регионот Каламарија во Солун.

**Колку луѓе ја сочинуваа регатата? Дали имаше луѓе и од странство?**

Оваа година на регатата учество зедоа 58 учесници. Странци оваа година немаше од причина што знаевме каде е крајната точка Солун, па затоа сакавме да бидеме само наши македонски државјани, за да избегнеме дополнителни и непредвидени административни препреки. Од овие 58 учесници, само 22 ја продолжија регатата кон Солун од причина што останатиот дел од учесниците немаа нови патни исправи. Сепак, оваа бројка од 22 учесници е во ред како за прва година од причина што на некој начин одевме во непознато.

**Пловевме на температура во просек од 42 до 44 степени, а во Демир Капија беше 49 степени. Истата температура беше и во Грција.**



**При секојдневните веслања, се соочивте ли со високи температури и низок водостој? Како ви изгледаше еден ден од патувањето по реката? Од што е составена вашата опрема?**

Оваа година, „Вардарската регата Гемиџии 2024“ мислам дека се реализираше во најжешките денови во месец јуни. Температурата во просек се движеше од 42 до 44 степени, а во Демир Капија беше 49 степени. Истата температура беше и во Грција. Но, како најпозитивна работа треба да нагласам дека ЕСМ АД во целост ни донираше количина вода во реката Вардар со испуштање од Козјак во реката Вардар и од Тиквешкото Езеро во реката Црна. Таа вода, која ни ја пуштаа на шест до осум часа, ни беше ветер во грб за самата пловидба. Мислам дека таа коректност од ЕСМ АД ни овозможи без никаков проблем да пристигнеме во Солун по воден пат.
Од опрема што треба да ја поседува секој учесник на регатата, беше белата кошула со долги ракави, шешир, очила, високи чорапи за заштита на нозете, средства за мачкање на телото за заштита од изгореници, костим за капење и чевли за во вода. Секој чамец беше опремен со голема количина обична вода, лимонада и овошје. За потребите на регатата, од терен не следеше комбе, во кое беа целокупната храна, пијалаци и личната опрема. Во комбето беше и системот за навигација со џипиес-уредите за да знаеме време на движење во вода и движење на суво во Грција. А како изгледа еден ден на регатата? Добро веслање, добра забава, квалитетно капење, смеа и меѓусебно

дружење помеѓу десетте гумени чамци кои исловија од Велес.

**На годинешнава регата изјавивте дека нема да плови гемијата, ниту сплавот, туку учесниците ќе бидат само со чамци, бидејќи годинава се пробива патеката, па границата мора да се мине на суво, а не по Вардар. Дали ви ја отежна тоа состојбата дополнително или ништо не можеше да го засени успехот што стигнавте и до Солун?**

И оваа, втора година по ред, не оди дрвената гемија што ја изработив. Оригиналната гемија била 18 метри, оваа што јас ја изработив е долга речиси 8 метри и широка 4 метри, што не е мал пловен објект. Не ја пуштивме од причина што ќе ни го отежнеше патот до Солун. Не знаевме дали бродската капетанија во Солун ќе ни издаде дозвола за да ја весламе, па затоа таа остана на суво во Велес. Со непуштањето на гемијата воопшто не се засени успехот и подвигот кој го направивме. Мислам дека и во наредните регати таа нема да плови затоа што е малку сложено нејзиното пуштање во вода и враќањето во Велес. Во Грција продолживме со 6 чамци и два кајаци, и мислам дека нашата мисија беше остварена целосно.

**Видливи се возбудата и страста, љубовта кај Вас кога зборувате за „Вардарската регата“. Вие сте еден од раководителите, а 20 години сте старешина на Извидничкиот одред „Димитар Влахов“. Кога и за која цел се создаде таа и кој беше мотивот да станете дел од неа?**

Јас, прво како извидник со 40 години стаж и 20 години раководител-старешина на најстариот одред во Македонија, живеам за извидниците и за извидничкото движење во светот. Но, кога од мене се побара да ја раководам и „Вардарската регата Гемиџии“ како главен капетан на регатата, беше дополнителен предизвик од причина што мојот одред има целосна опрема за организација на регата, и тоа гумени чамци, весла, елеци, кациги, шатори опрема за кампување, возило. Мојот одред покрај традицијата има и капацитет за организирање вакви манифестации. Покај материјалниот капацитет, мојот одред има и човечки



Ќе ги цитирам нашите сограѓани велешани: „Сите беа млади, нежни цветови во градина, од роса неоросени, на сонце ненасмеани. Се жртвуваа за Македонија“. Ја исполнив нивната последна желба - по 121 години положив еден цвет за нив.

капацитет за да се организира ваков вид активност. Мојот одред во своите редови има лекар кој во целост се грижи за здравствената состојба на учесниците на регатата. Има сертифицирани луѓе за управување со мотор на вода и манипулирање гумени чамци, имаме кајакари во нашите редови. И на крај, кој е мојот мотив? Кога пред 121 година, девет млади велешани школувани во западноевропски држави, деца од богати велешки семејства, сакале да дадат придонес во актуелизирањето и решавањето на македонското прашање пред Европа по цена на своите животи, кога можеле тие, тогаш можеме и ние да пробаме денес. И ние работиме со институциите на ЕУ во Македонија, па преку ова сакаме да им ја преставиме нашата борба за нашата Македонија.

И ќе ги цитирам нашите сограѓанин велешани: „Сите беа млади – Орце, Шатев, Кирков, Мечев, Трчков, Пингов. Нежни цветови во градина, од роса неоросени, на сонце ненасмеани. Младост не жалеа, живот дадоа, но ниеден невин живот не зедоа. Се жртвуваа за Македонија.“

„Ние не бараме слава. Доста е ако еден ден луѓето нè разберат. И наместо споменик, нека еден цвет ни остават таму каде што ќе загинеме. Еден цвет, со боја на сонцето. Мајчице, сакавме само едно, да бидеме твои добри синови. Ако не успеавме, прости. Ќе дојдат еден ден подобри од нас.“

Ете, јас ја исполнив нивната последна желба по 121 година – положив еден цвет за нив.

**Пловејќи по Вардар, имате допир со водата на Вардар и со вегетацијата околу реката. Која анализа би ја предочиле од еколошки аспект?**

Во Македонија најголемата река се вика Вардар каде што ние пловиме, а во Грција се вика Аксиос. И тоа е супер. Вардар е мртва река, а Аксиос е жива и разиграна река. Имињата ни кажуваа буквално сè: се работи за две реки насочени во еден водотек. Во Вардар имате пластика колку сакате, во

**Јавно ги повикувам приватниот и државниот бизнис-сектор да ни помогнат во подигање на оваа манифестација во државен бренд.**



Аксиос нема пластика. Во Вардар имате сепарации кои душмански ја уништуваат реката, во Аксиос нема такви сепарации. Во Вардар имате милион канализациони цевки директно во реката, во Аксиос нема канализациони цевки директно во неа. Во Вардар имате флора и фауна која е пред уништување, во Аксиос имате заштитена природа. Во делтата на реката Вардар (Аксиос), последните четири километри се заштитена зона за 280 видов птици и 140 видови инсекти. Тоа значи државата се грижи за Аксиос. Во Вардар има стотици индустриски комплекси, коли исфрлаат отпадна вода во Вардар, во Аксиос тоа го нема. Ние не си ја чуваме реката Вардар, Грција си ја чува реката Аксиос.

**Која е Вашата следна цел и амбиција на која интензивно работите?**

Мојата следна цел е да ја подигнам „Вардарската регата Гемиџии" до степен кој ќе биде препознатлив за Република Македонија, да биде нешто слично на Галичка свадба, Шарпланински куп, Охридски маратон. Но, за да се постигне ова, треба да имаме поддршка од државните институции, да не бидеме одбиени како што во месец април оваа година нè одби АМС, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија, Министерство за култура. Ако добиеме поголем поддршка, ќе можеме да ја осовремениме и опремата и да ја зголемиме и програмата, и тоа во насока на културно-забавен живот во местата каде што престојуваме и слично.

Јавно ги повикувам приватниот и државниот бизнис-сектор да ни помогнат во подигањето на оваа манифестација во државен бренд.

И на крајот, да го осовремениме извидничкиот центар „Голозинци", местото каде што се обучуваат младите извидници, местото каде што се создава нов кадар, место каде што се промовира животот во природа, местото каде што се креира програмата на „Вардарската регата Гемиџии", каде се чува пловната опрема.

„Вардарската регата Гемиџии" го сотвари сонот - првпат стигна до Солун.



# ИДНИНА

## Промоција на нов албум со Петар Георгиевски - Камиказа




Камиказа: „Македонија имала, има и секогаш во иднина ќе има добри изведувачи, бендови и музичари.“

Членовите на култната македонска поп-рок група „Меморија“, во просториите на Универзитетот Скопје, го промовираа новиот видеоспот за песната „За тебе“ и ја одржаа првата прес-конференција по повод големиот солистички концерт закажан за 16 ноември 2024 година во СЦ „Борис Трајковски“. Пред многубројните ТВ-екипи и новинари од различни медиуми, пријатели и поранешни членови на бендот, како и познати музичари од постарата генерација, покрај премиерата на видеото за поп-рок баладата „За тебе“, беа јавно промовирани и рок-фолк сплетот „Македонски бисери“, како и преработката на песната „Јано“ од легендарната

КАМИКАЗА:

# „ЌЕ ГО ПРОДОЛЖАМ СЛОВОТО НА МОИТЕ ПРЕТЦИ, НА МОИТЕ ДЕЦА И ВНУЦИ ЌЕ ИМ ГИ РАСКАЖУВАМ ВИСТИНСКИТЕ ПРИКАЗНИ ЗА СТРАДАЊАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА



рок група  од 70-ите „Триангл“, снимени во живо на неодамнешниот концерт на „Меморија“ во „Домот на млади“ во Штип.

Петар Георгиевски-Камиказа, лидерот на бендот, говореше за соработката со Универзитетот Скопје. Збор зеде и ректорот на оваа високообразовна установа, Аце Миленковски, кој говореше за значењето, помошта и соработката помеѓу Универзитетот и бендот.

По официјалниот дел на промоцијата, следуваше неформално дружење на присутните со богата коктел-закуска која ја приреди домаќинот на настанот, Универзитет Скопје.

**Нишката „Македонски бисери“ како „музички ѓердан“ обесен на вратот на „Јана мома“ ја создадовте во соработка со ректорот на Универзитетот Скопје, Аце Миленковски. Таа ги содржи песните кои се пеат во спортските сали и на настани од различен тип. Како настана соработката?**

Песните во „Македонски Бисери„ се: „Едно име имаме“ на Јонче Христовски, „За многу години, Македонци“ на Димитар Масевски и Васил Пујовски, „Заветна“ на Миле и Ѓорѓи Барбаровски и „И ние сме деца на Македонија“, која е народна тема. „Јана мома“ е на „Вис триангл“ од 1975 година, чии членови биле Борче, Трте и Коки во првата постава кога настанала песната. На состанок за прослава на Универзитетот Скопје минатата година, бев поканет како надворешен член за нешто ново што ќе се случува на самото доделување на дипломите во Македонската опера и балет. Паднаа повеќе идеи, а бидејќи веќе почнав да го работам новиот албум на „Меморија“ и песната „Македонски бисери“ беше во зародиш, кажав кои сè песни ќе учествуваат во сплетот, па ректорот Аце Миленковски пресече: „Тоа е тоа што ни треба!“ На нечуено туку само раскажано! Но, тоа се должи на повеќедецениската соработка и довербата што ја имаме еден кон друг. Самата изведба беше премиера за сите, на доделувањето на дипломите на Универзитетот Скопје. Реакциите беа, благо речено, еуфорични. Аплаузот траеше долго, на што двајцата пејачи од „Меморија“ се поклонуваа повеќе пати. Мислам дека токму од оваа снимка, Универзитетот го имаше своето најгледано видео на Јутуб и Фејсбук. Од таа верзија до денешната изминаа речиси десет месеци за да се добие конечната верзија. И затоа, најлогично, промоцијата на „Меморија“ се случи на Универзитетот Скопје, каде што започна сè. На крајот, бевте и вие сведоци на задоволството на сите присутни на промоцијата.

**Национално, патриотско чувство. Сепак, постои нешто поисконско и повозвишено, а тоа е родољубие, кое во голема мера е присутно кај вас и кај ректорот Миленковски. Тоа е запишано во кодот на Македонецот, но како да се насочи правилно, да се истакне и кај младите кои во ова време-невреме, понесени од светските трендови, лутаат барајќи го својот идентитет?**

Македонија имала, има и секогаш во иднина ќе има добри изведувачи, бендови и музичари. Секое време си носи свои фанови и приврзаници. Многумина од нив ќе блеснат и бргу ќе згаснат, но, за среќа, Македонија има многу музички имиња кои траат со децении. Тука скромно можам да ја додадам и „Меморија“. Ако песните ги пеат токму




**Камиказа: „Потребни се луѓе како ректорот Аце Миленковски, кој со својата поддршка за македонската култура и уметност дава голем придонес за Македонија.“**

младите генерации, со хорчиња и хорови низ целата Република Македонија, несомнено токму тие ќе бидат носители на новото време каде што историското и квалитетно ќе продолжи да живее, благодарение на нивните сознанија за постоењето на македонската реч и песна.

**Во јавните настапи истакнувате: „Учете ги децата да ги сакаат македонската музика и збор. На крајот од денот, тие ќе бидат чувари на нашето постоење. Вие како бенд, со полните концертни сали на кои присуствуваат различни генерации, докажавте дека овој наш народ го почитува тоа што сте го создале. Тој ги сака вашите песни. Каква е ситуацијата со другите? Има ли „Меморија“ следбеници кои ќе ги полнат концертните сали?**

Со слушање македонска музика, со читање македонски книги, со одење на македонски концерти поддржани од мецени и спонзори. Децата уште од мали нозе да ги упатиме на вистински вредности. Со тоа ќе ги заштитиме од наездата на шунд и кич во сите области од културното живеење. Има една изрека кога е музиката во прашање, дека ако дојдеш во Македонија не играј, не свири и не пеј затоа што ќе бидеш надигран, натсвирен и натпеан! На оваа изрека да ѝ ја дадеме вистинска вредност, како што го прави тоа со децении ректорот Аце Миленковски со својата поддршка на македонската култура и уметност.

**Во еден период, медиумите беа обврзани законски да емитуваат македонска музика околу 40 отсто, во зависност од програмскиот формат. Сега се оставени сами на своја волја да решат дали ќе доминира македонската песна во етерот. Дали е време сите од музичката фела да го кренете гласот да го вратите тој закон?**

На добрата песна никој нема да може да ѝ го сопре патот до слушателите. Ние сме доказ за тоа. И по 30 години, новите песни на „Меморија“ наоѓаат своја слушателска публика, и тоа во далеку поголем број во однос на годините кога почнуваме, без разлика што тогаш бевме мегапопуларни и полневме сали низ цела држава. Зборуваме за периодот од доцните осумдесетти и раните деведесетти години на 20-тиот век. Или поточно, до 1995 година, кога „Меморија“ престана да постои, за да воскресне повторно во 2017 година. Што би рекле некои од вашите колеги: „Како никогаш да не сте отишле сиве овие години.“ Проблемите околу законите се работа на државата и се надевам дека тоа во најкраток можен рок ќе стане практика.

**Како рокер во душа, кои бендови што ги слушавте во младоста влијаеа врз Вашиот музички израз. Кој Ви беше идол?**



**Камиказа: „И по 30 години, новите песни на Меморија наоѓаат своја слушателска публика, и тоа во далеку поголем број во однос на годините кога почнуваме, без разлика што тогаш бевме мегапопуларни и полневме сали низ цела држава.“**





Камиказа: „Идол ми е Јонче Христовски.“



Групата „Бис-бес“, „Безимени“, групата „Пу“, „Триангл“, „Тор“ како и многу други кои во тоа време свиреа по игранки, по разните клубови низ Скопје, а јас како клинец присуствувајќи на нивните свирки, го формирав своето музичко „кредо“. Но... песните на Јонче Христовски, неговиот начин на изразување и неговите настапи – со „палтото“ – оставија траен белег врз мене и можам слободно да признам дека тој е мојот главен музички идол. Ми беше чест што го познавав лично и многупати се дружев со овој голем народен уметник.

Камиказа: „Сум имал повеќе средби со Бог.“



**Неодамна на Фејсбук објавивте фотографија од младоста со коментар „Кој лик сум бил!“. Годините го прават своето во изгледот. По сите победи и порази, кои емотивно и интелектуално нè надградуваат, се сменивте ли како личност? Која е најважната животна лекција што ја научивте?**

Да не се предаваш! До последен здив да го правиш тоа што го сакаш. Никогаш да не бркаш резултати и слава затоа што ако те бива, тие сами ќе дојдат, но со многу труд, самопрегорност и работа.

**Уште една фотографија го привлекува вниманието на профилот: сонце, море и коментарот „Денес над Македонија се раѓа ново сонце на слободата, добро утро, од Егејска Македонија!“ Кое е потеклото на вашите предци, каде живееле и што се случувало?**

Моите се од Егејска Македонија, и мајка ми и татко ми. Мајка ми е од Бапчор, па затоа „Бапчорки“ пееја на концертот на „Меморија“, а татко ми е од Оштима. Името што го носам е на чичко ми, роден брат на татко ми. Тој беше народен херој. Едноставно се гордеам и ќе го продолжам словото на моите предци, а на моите деца и внуци ќе им ги раскажувам вистинските приказни за страдањата на Македонците од Егејска Македонија што мене ми ги раскажуваа татко ми и дедо ми. Тоа ќе

го правам и преку моите дела.

**Бог е во срцето на вистинскиот верник, а вие сте еден од нив. Која животна случка ве натера да се свртите кон Бога?**

Сум имал повеќе средби со Него. Неколку пати сум заминува и сум се враќал на овој свет. Точно преку овие „патешествија“ научив дека ние што се сметаме себе за „посебни“ не сме ништо друго туку благословени од Бога за работата што ја работиме и дека дарбата не е ништо друго туку продолжена рака на Бога.

**Последното патешествие со Мото-клубот „Букефал“, најмногуброен на Балканот, беше по Јадранска магистрала, централна Италија и назад преку Нова Горица и Белград. Извозевте околу 4.571 км. Со оглед на променливото и дождливо време во тој период во Европа, на какви временски катаклизми наидовте?**

Ова е едно од најкратките патувања со нашиот мото-клуб „Букефал“ бидејќи ФИМ-релито оваа година беше во Италија. Лани се одржуваше во Шпанија и извозевме преку 8.000 километри. Најдалеку сме биле на најсеверната точка на Европа – Норткап, со изминати 12.000 км до крајот Норвешка и назад. Следната година Норвешка е повторно домаќин на ФИМ-релито и повторно одиме на долг пат, секако ако ни даде Бог шанса.

Кога ќе тргнете на мотор, нема веќе назад: ни топлото време кое обично нѐ следи, ниту дождот, ниту ветрот кој годинава го имавме во изобилие во Хрватска (дуваше со близу 80 км/ч), ниту градот што нѐ „тепаше“ повеќе од еден час пред неколку години во Словачка – ништо не може да нѐ сопре кого е крајната цел во прашање. Досега сме немале откажување. Се надевам дека и отсега натаму ќе биде така.

**На што ќе ја насочите периодов Вашата енергија? За кои предизвици се подготвувате?**

Сите сили се спрегнати во подготовка и организација на концертот на „Меморија“ на 16 ноември во салата „Борис Трајковски“ во Скопје. Се надеваме дека сега ќе „докторираме“, бидејќи за концертот во 2022 рековме дека е наша „магистратура“.

**Како би се опишале себеси како сопруг, родител и дедо, најважните улоги во животот на секој човек?**

Оваа последната улога најмногу ми легна. Улогата на дедо на Нина. Се надевам семејството повеќекратно ќе се зголеми. Уште еден голем успех е тоа што целата фамилија останува да живее и работи во Македонија, а со тоа и радостите да ни бидат блиску – внуците и децата.

Камиказа: „Кога ќе тргнете на мотор, нема веќе назад.“



# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ДИПЛОМАТСКИТЕ ОДНОСИ: МИЦКОСКИ НА СРЕДБИ СО АМБАСАДОРИТЕ ВО НАШАТА ЗЕМЈА

Воспоставувањето на дипломатските односи ја дефинира положбата на нашата земја во светот. Ова особено важи за Соединетите Американски Држави и за Европската Унија, двата најзначајни партнери на европските и на балканските земји. Соработката во дипломатијата може да биде јавна, економска, културна, интерна и трудова. А, секако, најважен за нас како земја е евроинтегративниот процес, и токму тука настапуваат меѓународните соработки со светот. За малите држави како нашата, надворешната политика претставува сублимат на реално поставените генерални надворешнополитички цели одредени согласно внатрешните и надворешните фактори кои непосредно влијаат врз градењето издржана надворешна стратегија.

**Скопје е седиште на 31 странска амбасада и 18 генерални конзулати на различни земји, додека 43 странски амбасади акредитирани во Македонија имаат свои седишта во Белград, Софија, Анкара, Виена и во останати центри.**

# ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД



Средба на Мицкоски со Н.Е. Ангела Агелер, амбасадор на САД во Македонија.



## СРЕДБА МИЦКОСКИ – АГЕЛЕР

Амбасадорите во нашата земја се главниот мост за дипломатските односи меѓу странските земји и власта во Македонија. Новата влада која ја предводи ВМРО-ДПМНЕ, од моментот на преземањето на домот на „Илинденска", редовно остварува средби со дипломатите кои престојуваат или ја посетуваат Македонија.

Прва средба на Христијан Мицкоски како премиер на Македонија беше со амбасадорката на Соединетите Американски Држави, Ангела Агелер, земја која е стратешки партнер на Македонија.

На средбата биле разменети мислења и ставови за тековните политички и економски прашања, како и за напредокот на демократските процеси во земјата. Премиерот ја истакнал важноста на стратегиското партнерство помеѓу двете држави потенцирајќи дека поддршката од американската страна е клучна за развојот и за стабилноста на регионот.

Расположеност за соработка била навестена и од страна на амбасадорката Агелер, која ја потврди посветеноста на САД за продолжување на одличната соработка со Македонија и изрази подготвеност за поддршка во клучните реформи и проекти што се предвидени во наредниот период.

Средбата заврши со согласност за натамошно зајакнување на билатералните односи и интензивирање на соработката во различни области од заеднички интерес.

Македонско-американските односи почнуваат многу одамна. Земјите стануваат трговски партнери уште во 1776 година. Многу години подоцна, американската политика директно не се меша во односите меѓу Македонија и другите земји, но индиректно преку поддршката на другите земји даваат зелено светло за идните чекори што ги презема Македонија. Илинденското востание како најзначаен историски настан за нашата земја е еден таков пример. Америка не се ангажира во спроведувањето на внатрешните реформи, но преку британската политика застанува зад Македонија.

Првата амбасада на САД во Македонија е отворена на 25 септември 1995 година, а прв ополномоштен амбасадор е Кристофер Хил.

Прв амбасадор на Македонија во САД е Љубица Ачевска.

## СРЕДБА МИЦКОСКИ – РИКЕР

Оттогаш, многу дипломати и претставници на САД ја посетија Македонија со ветувања за голема поддршка. Претходниот амбасадор на Соединетите Американски Држави, Филип Рикер, и натаму останува пријател на нашата земја.

**Средба на Мицкоски со Филип Рикер, поранешен амбасадор на САД во Македонија.**



Премиерот Мицкоски, кој ја предводеше владината делегација во САД, а учествуваше и на Самитот на НАТО, за време на посетата оствари средба и со поранешниот амбасадор на САД Филип Рикер.

***„Посетата во Вашингтон ја искористив за средба со поранешниот амбасадор на САД Филип Рикер. Разговаравме за предизвиците со кои се соочува Македонија и поддршката која ѝ е потребна за остварување на стратешките интереси. Разговаравме и за потенцијалот кој го нуди регионот за економска и за политичка соработка. Мораме да ја менуваме реалноста и да го подобруваме животот на граѓаните"***, се вели во објавата на премиерот Мицкоски по средбата со поранешниот амбасадор на САД Филип Рикер.

## ЕУ Е НАШАТА ОПРЕДЕЛБА, ЌЕ РАБОТИМЕ ЗАЕДНО ВО ЗНАКОТ НА ПАРТНЕРСТВОТО И НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОДНОСИ

Евроинтеграцијата е определба и цел на секоја влада во Македонија. Иако времето поминато во чекалницата за влез во европското семејство е долго, сепак граѓаните, а со тоа и Владата не се откажуваат од желбата еден ден да станеме европски граѓани.

Амбасадорот на Европската Унија во Македонија, Дејвид Гир, е гласникот, но и клучен соработник на една влада. На средбата со премиерот Христијан Мицкоски, главни теми биле токму напредокот на државата во

интеграцијата во ЕУ.

Мицкоски ја истакнал важноста на поддршката од Европската Унија за реформските процеси и стабилноста на земјата, констатирајќи дека Владата ќе продолжи да работи заедно со Европската Унија во духот на партнерство и на заеднички вредности. Амбасадорот Гир ја потврдил посветеноста на Европската Унија за продолжување на одличната соработка со Македонија и изразил подготвеност за поддршка во клучните реформи и проекти што се предвидени во наредниот период.

На средбата бил донесен заклучок за понатамошно зајакнување на билатералните односи и интензивирање на соработката во различни области од заеднички интерес.



Средба на Мицкоски со Н.Е. Дејвид Гир, амбасадор на Европската Унија во Македонија.



## ФРАНЦИЈА Е ЗНАЧАЕН ПАРТНЕР НА МАКЕДОНИЈА

Односите меѓу Македонија и Франција се одликуваат со високо ниво на соработка меѓу двете земји. Земјите имаат отворен и конструктивен дијалог, со континуирано продлабочување на соработката во мноштво сфери од заемен интерес. Дипломатските односи се воспоставени на 27 декември 1993. Покрај динамична соработка во многу области, културата е силната врска меѓу двете земји особено по отворањето на Францускиот културен центар во Скопје во 1974 година. Амбасадор во нашата земја е Сирил Бомгартнер.

Претседателот на Владата, Христија Мицкоски, ги продолжува добрите релации меѓу двете земји. По средбата со амбасадорот, изјави дека Франција е значаен партнер и пријател на нашата земја.

***„Заедно се обврзавме за понатамошно зајакнување на билатералните односи и интензивирање на соработката во различни области од заеднички интерес. Разменивме мислења за тековните политички и економски прашања, како и за европските интеграции. Очекувам продолжување на одличната соработка и реализација на заедничките проекти кои ќе придонесат за подобра иднина за сите нас“***, пишува Мицкоски во својата објава по средбата со францускиот амбасадор во Македонија Сирил Бомгартнер.



Средба на Мицкоски со Н.Е. Сирил Бомгартнер, амбасадор на Франција во Македонија.



Средба на Мицкоски со Н.Е. Метју Лосон, амбасадор на Велика Британија во Македонија.

## МИЦКОСКИ НА СРЕДБА СО ЛОСОН: РЕШЕНОСТ ЗА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА

Велика Британија долги години е поддржувач на Македонија. Интересот на оваа земја за нашата почнал уште во времето на Наполеоновите војни, но не застанува во Римската војна сè до Берлинскиот конгрес. Но, на крајот завршува со меѓусебно признавање на двете држави и воспоставување дипломатски односи на ниво на амбасади.

За амбасадор на Велика Британија во Македонија пред две години беше именуван Метју Лосон. Премиерот Мицкоски, откако стапи на функцијата претседател на Владата, оствари средба со амбасадорот, на која ја зацврстиле економската соработка.

***„Разговаравме за актуелните политички и општествени случувања. Ја истакнав мојата решеност за развивање на партнерствата со пријателските држави, како и искористување на потенцијалите за економска соработка што носи подобар животен стандард и просперитет“***, посочи премиерот Мицкоски по средбата со британскиот амбасадор, Метју Лосон.

Инаку, според податоците на заедниците во Велика Британија, близу десет илјади македонци се родени во Велика Британија, а бројот на оние кои живеат и работат е огромен и се менува секоја година.

## СРЕДБА НА ПРЕМИЕРОТ МИЦКОСКИ СО КИНЕСКИОТ АМБАСАДОР, ЗАЛОЖБА ЗА ЕКОНОМСКА И ПОЛИТИЧКА СОРАБОТКА

Кинеското влијание во Македонија се засилува во последниве години, особено преку културата, политиката и трговијата. Кина е земја која се обидува да се претстави како алтернатива на западниот систем.

Според истражувањето на Центарот за анализа на европската политика (ЦЕПА), Кина има силно влијание во земјава. Таа е рангирана на трето место меѓу 17 земји од Централна и Источна Европа и се наоѓа веднаш по Србија и Бугарија. Дипломатските односи меѓу двете земји се од клучно значење, особено во делот на трговијата и на инвестициите.

На средбата на премиерот Христијан Мицкоски со амбасадорот на Народна Република Кина, Џанг Syo, биле потврдени добрите билатерални односи, заложбата за економска и политичка соработка и водењето политика на добри и интензивни односи меѓу двете земји.

***„Посочив дека добра основа за соработка се образованието, културата,***



Средба на Мицкоски со Н.Е. Џанг Ѕуо, амбасадор на Кина во Македонија.

*транспортот, науката. Треба да ги искористиме потенцијалите од интензивираното пријателство кои стојат на располагање“*, посочи Мицкоски по средбата со кинескиот амбасадор, Џанг Ѕуо.

## СТРАТЕШКА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТИ ОД ЗАЕДНИЧКИ ИНТЕРЕС

Нашата земја има многу развиени економски односи со Турција, а турските инвестиции се протегаат на целата територија на Република Македонија. Според Државниот завод за статистика, Турција е во првите 10 земји со кои нашата земја има висок обем на трговска размена.

Премиерот Христијан Мицкоски оствари средба со турскиот амбасадор Фатих Улусој за да ги потврди и зајакне билатералните односи меѓу Македонија и Турција. Во разговорот, премиерот ги истакна одличните билатерални односи меѓу Македонија и Турција. Двајцата лидери ја потврдија својата посветеност за унапредување на соработката во различни сектори одразувајќи ја длабочината и силата на пријателството меѓу земјите и на доброто партнерство.

*„Ја потврдивме силната врска меѓу Македонија и Турција истакнувајќи ја тековната соработка во различни сектори и заемната поддршка што двата народи си ја даваат еден на друг. Нагласив дека Владата е посветена да ги искористи сите расположливи ресурси за да го поттикне напредокот и да го подобри животот на граѓаните. Според тоа, се залагам за уште поблиска соработка со Турција во области од заеднички интерес“*, изјави Мицкоски.

Премиерот Мицкоски истакна дека македонската Влада е посветена на искористување на расположливите ресурси за промовирање на напредокот и подобрување на животот на граѓаните. Тој изрази силна намера да ја зајакне соработката со Турција во области од заемен интерес, со цел да поттикне понатамошен напредок и заеднички иницијативи.

Средба на Мицкоски со Н.Е. Фатих Улусој, амбасадор на Турција во Македонија.



# СРБИЈА „ГАЗИ“ СО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ, МАКЕДОНИЈА МОРА ДА ВЛОЖУВА ЗА ДА НЕ ОСТАНЕ ЖЕЛЕЗНИЧКИ ИЗОЛИРАНА ЗЕМЈА

**Кога последен пат сте се возеле со воз во земјава или од Македонија до некоја соседна земја? Не се сеќавате или било премногу одамна. Во странство му се восхитуваме на железничкиот сообраќај и го користиме како превозно средство. Во Македонија превозот со воз воопшто не е опција затоа што не сме сигурни дали воопшто ќе стигнеме на дестинацијата каде што сме тргнале.**

Ако можело пред неколку години од Скопје со воз да се стигне до Солун или Белград, а во далечното минато наши граѓани да патуваат дури до Германија со воз, сега под знак прашање е дали можеме да се возиме до некој град од внатрешноста. Дел од линиите се укинати или намалени, возовите многу често се расипуваат, одат со 20 или 30 километри на час, пругата е во катастрофална состојба, а честопати штрајкуваат и машиновозачите поради неисплатени плати. Буквално, железничкиот сообраќај во Македонија е пред распад, па оттука и драстично намалениот интерес да се користи возот како превозно средство.

И ако пред неколку години се набавија нови кинески возови, се модернизираа железничките станици низ земјава и почнаа да се наѕираат некакви позитивни промени, сега можеме слободно да се изразиме дека сме **„железнички изолирана земја“**.

И додека во соседните земји, како Србија на пример, се вложуваат огромни средства за развој на железничкиот сообраќај, во Македонија овој сектор беше тотално заборавен.

Примерот од Србија е примерот по кој Македонија треба да се води и да се грижи за својата национална железница бидејќи има една изрека дека „држава без железница нема ниту железница без држава нема“.

# КОМПАРАЦИЈА




**Електричен брз воз „Соко“.**
*Извор: Танјуг*





## ВО СРБИЈА ВРЕМЕТО НА ЖЕЛЕЗНИЦАТА ДОПРВА ДОАЃА

Србија во изминатите неколку години во фокус го стави развојот на железничката инфраструктура. Оваа земја планира да инвестира шест милијарди евра во железнички проекти, што ќе доведе до целосна модернизација на железничкиот сообраќај во земјата и поврзување со земјите од регионот и од Европската Унија. Од 2014 година до сега Србија во железницата има вложено повеќе од 600 милиони евра.

Најважни проекти се брзата пруга Белград – Будимпешта, во која се инвестираат две милијарди евра и железничкиот Коридор 10, во кој со поддршка на ЕУ, Европската банка за развој и инвестицискиот фонд за Западен Балкан ќе се инвестираат две милијарди.

Проектот за изградба на брза железница Белград–Будимпешта, проценет на околу 2 милијарди долари, започна во 2014 година. Должината на пругата меѓу Белград и Будимпешта е околу 350 километри, од кои 184 километри се на територијата на Србија и 166 километри на територијата на Унгарија.

Неодамна српскиот претседател Александар Вучиќ го претстави новиот електричен кинески брз воз „Соко“. Возот има капацитет од 250 седишта и е долг 103 метри, а може да достигне брзина и до 200 километри на час. Србија нарачала пет такви возови од Кина и последниот треба да биде испорачан на 31 декември 2025 година. Со брзиот воз од Белград до Суботица ќе се стигне за еден час

и десет минути. Според Вучиќ, кога Унгарија ќе го заврши својот дел од железницата, од Белград до Будимпешта ќе бидат потребни два часа и 40 минути.

Линијата Белград – Нови Сад е веќе пуштена во сообраќај, а во тек е модернизација на линијата Нови Сад – Суботица, што тоа значи сигнално-сигурносни уреди и електрификација.

Србија во моментот ја гради пругата Белград – Ниш која чини 2,7 милијарди евра, од кои 610 милиони евра се субвенција од ЕУ, а треба да биде завршена до 2028 година.

Пакетот се однесува на подобрување на делницата Белград – Ниш на Коридорот 10, што ќе овозможи поврзување со брза пруга до 200 км/ч меѓу двата града, со побрз проток на стоки и услуги, а исто така ќе придонесе за брза интеграција во железничките мрежи на ЕУ.

Пакетот се состои од инвестициски грант во износ до 598 милиони евра од ЕУ, што претставува најголемата донација на ЕУ за еден проект во Србија досега; заем од 1,1 милијарди евра од ЕИБ и заем од 550 милиони евра од ЕБОР.

Делот од Белград за Ниш е првата фаза, која опфаќа долен строј, исправање на кривини, нови прагови и шини, по што следува втората фаза – сигнализација и електрификација. Трета фаза е брза пруга Ниш – Прешево

Железничкиот коридор 10 е еден од паневропските коридори што ја поврзуваат Централна Европа со Солун и е дел од Економскиот и инвестицискиот план на ЕУ за Западен Балкан во износ од 30 милијарди евра, кој има за цел да ги мобилизира инвестициите во областа на транспортот, енергијата, зелената и дигиталната транзиција, за создавање одржлив раст и работни места кои достигнуваат 1/3 од БДП на Западен Балкан.





## ВИСТИНСКИ АПСУРДИ ОД ПРЕТХОДНАТА МАКЕДОНСКА ВЛАДА – ВЕТУВАА, НО НЕ РЕАЛИЗИРАА МОДЕРНА И ЕВРОПСКА ЖЕЛЕЗНИЦА

Дека досега Железницата не била воопшто приоритет, покажуваат бројките. Лошата состојба во железничкиот сообраќај ја констатираше и Европската комисија во последниот извештај за напредокот. Доволно е да влезете на главната железничка станица во Скопје и да се качите на воз. Бројот на патници за 20 години тројно е намален, пругите се застарени, а двете фирми (Транспорт и Инфраструктура) се меѓу најголемите загубари.



**Железничка станица Скопје е во лоша состојба.**
*Извор: Алфа ТВ*

Официјалните статистички податоци покажуваат континуирано намалување на патниците во железничкиот сообраќај. Во 1997 година имало над 1,7 милиони превезени патници, а оттогаш таа бројка се намалува и достигнува 540 илјади во 2018 година.

Возот од Скопје до Битола, на пример, патува од три до пет часа на дестинација од 175 километри, а ако сте навистина баксуз, од Скопје до Битола може да патувате и цели осум часа (како што се случи еднаш пред Нова година во 2021 година).

# ЌЕ ДОЖИВЕАТ ЛИ КОНЕЧНО РЕНЕСАНСА МАКЕДОНСКИТЕ ЖЕЛЕЗНИЦИ?

Еден од првите проекти на новата влада на ВМРО-ДПМНЕ ќе биде подобрување на железничката мрежа. Стратешка политика на идната влада ќе бидат инфраструктурните проекти и брзата пруга север-југ со која возовите во Македонија ќе патуваат со просечна брзина од 120 километри на час.

Од Министерството за транспорт неодамна изјавија дека што поскоро ја очекуваат средбата со српскиот министер за градежништво, сообраќај и инфраструктура Горан Весиќ, кој неодамна изјави дека очекува со македонскиот министер за транспорт Александар Николоски да разговара за унапредување на проектот за брза пруга што ги поврзува Ниш и Скопје.

*„Што се однесува до пругата Ниш – Скопје, ние во моментов работиме на пругата Белград – Ниш, долга 230 километри, а работиме и на делот од 23 километри од пругата Ниш – Брестовац кон Скопје. До крајот на годината го завршуваме и проектот кој е финансиран од ЕУ за делот од нашата пруга од Брестовац до Прешево. Согласно договорот што го потпишавме со Владата на Македонија, го очекуваме тоа што го предложи, да го проектира и својот дел од Прешево до Скопје. Тоа е една од двете делници на кои Србија сака да работи и кои ги номинира од овој нов План за раст на Западен Балкан. Го чекам вашиот нов министер, Николоски, да се сретне со мене, можеби во Скопје, можеби во Белград, за да продолжиме со нашата заедничка работа на таа пруга и за да продолжи да работи комисијата што почна со работа. Сакаме во ôд да ги средуваме деталите за да биде пругата навистина завршена до Скопје, затоа што имаме желба да ги поврземе Белград и Ниш со Скопје. А бидејќи пругата до Будимпешта ќе ја завршиме во 2026 година, тоа значи и врска од Скопје до Белград и до Будимпешта, и во иднина до Солун и Атина“*, изјави Весиќ.

Еден од кинеските возови кој беше донесен во Македонија во 2015 година.



# ГРЦИЈА СОГЛАСНА ЗА БРЗА ПРУГА СОЛУН – СКОПЈЕ – БЕЛГРАД – БУДИМПЕШТА

Според Весиќ, желба за поврзување на Белград и Скопје со Солун и Атина изразил и грчкиот премиер Кирјакос Мицотакис.

*„Кога беше премиерот Мицотакис во Белград, имавме средба, а потоа нè известија дека ја реконструираат пругата меѓу Солун и Атина и рекоа дека ќе проектираат, веројатно со средства од ЕУ, 75 километри од пругата од Солун до границата со Македонија. Тоа значи дека ќе почнат со работа, по што треба да се поврзе пругата од Скопје со пругата во Грција“*, кажа Весиќ.

Според Транспортната заедница, пругата Ниш – Скопје е најкратка врска меѓу Азија, Блискиот Исток и остатокот од Централна и другите делови на Европа.

*„Ова е еден од проектите кој е приоритетен проект и за Македонија, и за Западен Балкан, и за Европската Унија. Но, она што е клучно е реформите и проектите да се случуваат паралелно. Тие се две страни на иста паричка. Проектите без реформи се бескорисни, не се одржливи. Реформите без проекти не даваат резултати. И затоа инвестициите во проекти и инвестициите во реформите се единствениот пат“*, порача Матеј Закоњшек, директор на Постојаниот секретаријат на Транспортната заедница во Белград.



Коридор 10.

Од македонското Министерство за транспорт велат дека се силно посветени за развој и модернизација на железничкиот систем и кон север и кон југ. Посочија дека стратешка цел на Владата е реализација на брза пруга Скопје – Солун и тоа е главен фокус на министерот.

*„Тоа е една од основните визии на новиот министер и за таа цел тој во следниот период планира интензивни разговори со сите релевантни фактори. Планирани се состаноци со претставници од ЕУ и од САД, кои би можело да помогнат во делот на реализацијата на овој стратешки проект“*, информираа од Министерството за транспорт за медиумите.

Од Министерството велат дека била формирана мешовита комисија меѓу Македонија и Србија, а во следниот период земјава ќе ја завршува документацијата околу проектирањето, сообраќајните анализи и ќе ја бира најоптималната варијанта за коридор на трасата. Во првата фаза се планира изградба на пруга од Скопје до Табановце и еден крак кој ќе води до Меѓународниот аеродром Скопје во должина од околу педесетина километри.

## ШТО СЕ РАБОТИ МОМЕНТАЛНО?

**Железничката делница од Куманово до Бељаковце е со должина од 30,8 километри и претставува прва од вкупно трите делници на пругата од меѓународниот железнички Коридор 8, која треба да ја поврзува Република Македонија со Република Бугарија почнувајќи од Куманово преку Бељаковце, Крива Паланка до Деве Баир, односно до границата со Република Бугарија.**

Градежните работи се во тек на двете делници на источниот дел од Коридор 8, на делницата Куманово – Бељаковце и на Бељаковце – Крива Паланка. Инвестицијата за првите две фази изнесува околу 200 милиони евра.

За делницата Куманово до Бељаковце е предвидено да се потрошат 45 милиони евра, а завршени се над 45 проценти од работите. За втората фаза од Бељаковце до Крива Паланка треба да се потрошат 156 милиони евра, а прогресот на работите е над 18 проценти.

За последната и трета најскапа фаза, од Крива Паланка до границата со Бугарија, предвидени се 560 милиони евра. Тендерот за избор на изведувач на третата делница е распишан, стигнати се понуди и треба да се врши евалуација. Средствата во износ од 560 милиони евра како проценета вредност за оваа делница се веќе обезбедени, со грант од 61 милион евра од ИПА-компонентата, 149 милиони евра од ВБИФ и два заеми од ЕБОР и ЕИБ од по 175 милиони евра.

Трите проектирани делници на источното крило на Коридорот 8 се со вкупна должина од 89 километри (од Куманово до Бељаковце 31 километар, од Бељаковце до Крива Паланка 34 и од Крива Паланка до граница со Бугарија 24 километри). Проектираната пруга на западното крило на потегот од Кичево до границата со Албанија е 63 километри.

Пругата од Битола до Кременица од 19 милиони евра е изградена, а реконструирана е пругата Ногаевци – Неготино.

Годинава се планирани 445 милиони денари за помош на МЖ Транспорт и 310 милиони денари предвидени за МЖ Инфраструктура за одржување на пругите. Во 2016 година планирани се 24 милиони евра за набавка на шест нови возови во и четири нови локомотиви, како и набавка на 150 товарни вагони во 2015 и во 2016 година.

Инаку, првиот воз во Македонија пристигнал на 9 април пред 151 година на железничката станица во Велес и тој ден се смета за почеток на железничкиот сообраќај во земјава.

Рехабилитација на пругата Ногаевци - Неготино.



УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ
- 2006 -



UN Tourism


ЗАПИШИ СЕ
НА УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ
ОСТВАРИ ГИ СВОИТЕ СОНИШТА ЗА КАРИЕРЕН УСПЕХ!
Биди најдобар во својата област студирајќи по светски стандарди.
— доц. д-р Дејан Недев —

# Superbrands

UNIVERSITY OF SKOPJE

## UNIVERSITY OF SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC